Врз основа на член 12 став 3 и 4 и член 26 став 1 и 3 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.07/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 13.01.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### за отпочнување на постапка за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со отпад во Југоисточниот регион

### Одлука за отпочнување на постапката за доделување на концесија

#### Член 1

Советот на општина Гевгелија го разгледа Предлогот за отпочнување на постапката за доделување на концесија за интегрирано управување со комунален цврст отпад и со мнозинство на гласови донесе Одлука да ја овласти Комисијата што ќе се формира за таа цел во јануари 2010 година да објави Повик за изразување на интерес со цел спроведување на постапка за претквалификација на заинтересираните кандидати.

### Видот на постапката за доделување на концесија

#### Член 2

Заради сложеноста на тендерската документација при издавањето на интегрираното управување со отпад на концесија, како и заради недостигот на информации за прецизно утврдување на предметот на концесијата и условите на Договорот за концесија, постапката за доделување на концесија ќе се спроведува низ Конкурентен дијалог (член 31, 34, 35 и 36 од Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство).

На тој начин ќе им се овозможи на заинтересираните кандидати во текот на постапката да се вклучат при дефинирањето на техничките и финансиските спецификации и правната рамка за утврдување на концесискиот договор.

Конкурентниот дијалог се состои од три фази:

-Повик за изразување на интрес од страна на заинтересирани кандидати

-Прием и презентации на заинтересираните кандидати

-Покана за доставување на понуда од страна на избрани кандидати.

### Рокови за првата, втората и третата фаза

#### Член 3

Повикот за изразување на интерес ќе биде објавен најдоцна до март 2010 година. Повикот ќе биде објавен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија.

Втората фаза ќе се реализира во текот на презентациите што ќе ги вршат кандидатите што ќе бидат избрани од страна на Комисијата. Истата ќе се спроведува во периодот март-мај 2010 година.

Третата фаза ќе се состои од доставување на покани за поднесување на понуди од страна на избраните компании и евалуација на доспеаните понуди. По изборот на најдобриот понудувач ќе се пристапи кон потпишување на Договор за концесија. Краен рок за завршување на оваа фаза е јуни/јули 2010 година.

### Предмет на концесијата

**Член 4**

Предмет на концесијата е финансирање, проектирање, изградба и управување со регионални депонии за цврт отпад, набавка на мобилна опрема заради спроведување на методите на санитарно депонирање, како и набавка на возила и опрема за собирање и регионален транспорт на комунален цврст отпад. Алтернативно, концесионерот ќе ја превземе обврската за затворање на неуредените депонии во регионите, доколку се утврди дека оваа активност може да се формулира како ЦДМ проект. Кандидатите за добивање на концесија ќе ја анализираат оваа можност во своите понуди, во втората фаза од постапката за доделување на концесија.

**Предлог за член на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија**

**Член 5**

Градоначалникот на општина Гевгелија именува член во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија со решение. Начинот на учество во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија ќе се утврди со посебни акти.

**Секретаријат на Комисијата**

**Член 6**

Заради потребата од документирање на одлуките на Комисијата, како и заради неопходната координација помеѓу работата на сите општини од регионот се усвои Регионалниот плански центар да се вклучи како Секретаријат на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија. Работата на комисијата и Секретаријатот ќе се определи во Деловникот за работа на Комисијата.

**Права и должности на именуваниот член на Комисијата, како претставник на општината во регионот за интегрирано управување со комунален отпад**

**Член 7**

Членовите на Комисијата ќе ги спроведуваат следните активности:

-Подготвување на тендерскта документација.

-Објавување на Повикот за предквалификација и давање појаснувања на заинтересираните кандидати

-Рангирање и избор на најдобрите кандидати

-Водење преговори со пријавените кандидати

-Доставување на покани за доставување на понуди

-Конечен избор на идниот концесионер

-Подготовка на Договор за концесија

-Известување за својата работа до надлежните органи (општините и Владата на РМ).

Предложениот член во Комисијата од страна на општина Гевгелија ќе работи во се спрема Деловникот за работа што ќе се усвои на првата конститутивна седница на Комисијата за Југоисточнкиот регион.

Членовите на Комисијата ќе работат транспарентно, ефикасно и ќе ги почитуваат целосно критериумите за избор на понудувачите во текот на сите фази од постапката за доделување на концесија.

**Завршна одредба**

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-114/1 Претседател
13.01.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 146 од Законот за заштита и спасување ( "Службен весник на РМ " 36/04, 49/04, и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода(обилни врнежи од дожд и снег) што ја зафати општина Гевгелија на 21.03.2009 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат средствата за помош на граѓаните за штетите од прирoдната непогода (обилни врнежи од дожд и снег) што ја зафати Општина Гевгелија на 21.03.2009 година, износот и начинот на распределбата на средствата.

**Член 2**

За помош на оштетените граѓани од природната непогода ќе се распределат средства во износ од 5.976.202,оо денари, средства од постојаната резерва (непредвидливи расходи) на Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

**член 3**

На оштетените граѓани ќе се доделат средства во износ од 15% од утврдената штета со Елаборатот усвоен од Советот на општина Гевгелија.

**Член 4**

За исплата на средствата на граѓаните Градоначалникот на општината ќе донесе решение.

Исплатата ќе ја изврши Одделението за финансии и буџет на Општинската администрација во општина Гевгелија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-121/1 Претседател
13.01.2010 год. на советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1184/1,1185, 1186, 1189, 1190, 1191, 1192, 1193,1194, 1195 и КП бр. 1197 во КО Прдејци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1184/1,1185, 1186, 1189, 1190, 1191, 1192, 1193,1194, 1195 и КП бр. 1197 во КО Прдејци

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2481/09 изработена од ДПТУ"Дизајн Центар Инженеринг"дооел Кавадарци е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1195/2 од 31.12.2009 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-115/1
13.01.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6716/3 во КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6716/3 во КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2479/09 изработена од ДПГИ"Вектор" Струмица е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1199/2 од 31.12.2009 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-116/1 Претседател
13.01.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1349,КП бр.1351 и КП бр. 1352 во КО Прдејци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1349,КП бр.1351 и КП бр. 1352 во КО Прдејци

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2479/09 изработена од ДПТУ"ДизајнЦентар Инженеринг"дооел Кавадарци е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-1191/2 од 31.12.2009 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-117/1 Претседател
13.01.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 54 од Законот за превозот на патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06 и 114/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.18/05 год.) членот 17 се менува и гласи:

"За вршење на авто-такси превоз на патници, се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот:

-старт (почеток) на превозот до 2,5 км - 50,00 ден

-за секој изминат километар - 20,00 ден

-чекање во траење од 1 час - 300 ден".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-119/1 Претседател
13.01.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 46 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.82/2008 и 143/08 god.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година**

## ВОВЕД

Со оваа Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година, се уредува:

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;
- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија кое е опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија и Деталните урбанистички планови, градежното земјиште во населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода, за кои е донесена Урбанистичка документација за населено место односно Урбанистички план за село, просторот долж автопатот Е-75 на

подрачјето на општина Гевгелија, како и просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира следново :

### II.1. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II.2. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште се врши со цел да се опреми земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:
- Изработка на елаборати за експропријација;
- Решавање на имотно-правните односи со сопственици на земјиштето;
- Решавање на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станарско право на објектите кои се рушат;
- Уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III.ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти на основната и секундарната инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

### III.1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:
- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичките планови;

- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

**III.2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела**

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:
- Проектирање и изградба на приклучок на водоводната мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- Проектирање и изградба на приклучок на фекалната канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферската канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонската електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти), а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води; и
- Друго.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште во општина Гевгелија се :
1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Комунални такси;
3. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ;
4. Трансфери од владини институции.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Е** | | | **Општинска администрација** | **14.500.000,00** |
| | | **ЕА** | **<u>ЕА0</u>** | Капитални трошоци на општината | |
| **2** | **Ф** | | | **Урбано Планирање** | **31.800.000,00** |
| **3** | **<u>Ј</u>** | | | **Комунални дејности** | **42.950.000,00** |
| **4** | **Л** | | | **Спорт и рекреација** | **1.250.000,00** |
| | | **ЛА** | **<u>ЛА0</u>** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **90.500.000,00** |

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:**

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Одел | Точка | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е** | | | | | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | |
| | **ЕА** | **ЕА0** | | | | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | **14.500.000,00** |
| | | | **1** | | | **Изработка на проектна документација** | **1.200.000,00** |
| | | | | | 1.1.1 | Проектна документација за реконструкција на објекти | |
| | | | **2** | | | **Реконструкција на објекти** | **13.000.000,00** |
| | | | | | 2.1.1 | Реконструкција и санација на Народен театар (учество на општина Гевгелија) | 5.000.000,00 |
| | | | | | 2.1.2 | Замена на дрвените со алуминиумски прозорци на објектот на СОУ”Јосиф Јосифовски”-Гевгелија | 1.300.000,00 |
| | | | | | 2.1.3 | Замена на дрвените со алуминиумски прозорци на објектот на ООУ”Крсте Мисирков”-Гевгелија | 1.303.635,00 |
| | | | | | 2.1.4 | Замена на подот во ООУ”Владо Кантарџиев”-Гевгелија | 2.107.480,00 |
| | | | | | 2.1.5 | Замена на дрвените со алуминиумски прозорци на објектот на ООУ”Владо Кантарџиев”-Гевгелија | 783.972,00 |
| | | | | | 2.1.6 | Реконструкција на дел од објектот на Пионерски дом | |
| | | | | | 2.1.7 | Реконструкција на административни простории-барака зад даночно одделение за потребите на општина Гевгелија | |
| | | | | | 2.1.8 | Реконструкција на Културни и Младински домови во населените места | |
| | | | | | 2.1.9 | Доврщување на реконструкцијата на Амамот | |
| | | | **3** | | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **Ф** | | | | | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | |
| | **Ф2** | **Ф20** | | | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | **2.500.000,00** |
| | | | **1** | | | **Други комунални услуги и такси** | **500.000,00** |
| | | | | | 1.1.1 | Други комунални услуги и такси (Договори со правни лица за одредени ископи, одвоз и превоз и др. ) | 500.000,00 |
| | | | **2** | | | **Договорни услуги** | **1.000.000,00** |
| | | | | | 2.1.1 | Други договорни услуги (Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи) | 500.000,00 |
| | | | | | 2.1.2 | Рушење на објекти (дивоградби, рушење на објекти кои се експроприрани и др.) | 500.000,00 |
| | | | **3** | | | **Други тековни расходи** | **1.000.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3.1.1 | Други оперативни трошоци (Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, ажурирани катастарски подлоги потребни за изработка на Урбанистички планови објавување на огласи и др.) | 1.000.000,00 |
| **ФА** | **<u>ФА0</u>** | | | **<u>УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ</u>** | **<u>29.300.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **2.500.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Идеен и Основен проект за уредување на градскиот плоштад во Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Идеен и Основен проект за изградба на ново Градско пазариште во Гевгелија | |
| | | | 1.1.3 | Идеен и Основен проект за изградба на нова Автобуска станица во Гевгелија | |
| | | | 1.1.4 | Основен проект за изградба на Мултифункционален јавен објект (библиотека) | |
| | | | 1.1.5 | Основен проект за сообраќаен премин во ниво преку железничката пруга за поврзување на градот со УБ 12 и пречистителната станица | |
| | | | 1.1.6 | Основен проект за изградба (продолжување) на Западниот Булевар (комплетна инфраструктура- водовод, фекална и атмосферска канализација и електрична инсталација) | |
| | | | 1.1.7 | Основен проект за изградба на улици во дел од Урбан блок 4 (комплетна инфраструктура-улица, водовод, фекална и атмосферска канализација и електрична инсталација) | |
| | | | 1.1.8 | Ревизија на проект за Регулација на Сува река | |
| | | | 1.1.9 | Основен проект за изградба на пешачка патека од Гевгелија до Негорци | |
| | | | 1.1.10 | Идеен проект за регулација на коритотото на р.Вардар во урбаниот опфат на градот | |
| | | | 1.1.11 | Измена и дополнување на Главниот проект за одводниот канал „Рауљ“ | |
| | | **2** | | **Изградба на улици и тротоари (бетонирање)** | **8.000.000,00** |
| | | *<u>2.1</u>* | | *<u>Бетонирање на улици</u>* | *<u>4.000.000,00</u>* |
| | | | 2.1.1 | Дел од улици или краци на улици во Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Дел од улици или краци на улици во населените места: Негорци (ул.„Фердинанд Јованов“, „Гоце Делчев“-крак), Миравци, Богородица, Моин, Прдејци, Милетково, Давидово, Н.Конско, Кованец | |
| | | *<u>2.2</u>* | | *<u>Изградба на тротоари и пешачки патеки</u>* | *<u>4.000.000,00</u>* |
| | | | 2.2.1 | Тротоари (патека) на “Моински пат” до локалитет “Динќут” | |
| | | | 2.2.2 | Тротоари на “Булевар Гевгелија” | |
| | | | 2.2.3 | Тротоари на ул. “Сава Михајлов” | |
| | | | 2.2.4 | Пешачка патека од ДГ”Детска Радост” кон “Булевар Гевгелија” | |
| | | | 2.2.5 | Тротоари на други улици | |
| | | | 2.2.6 | Тротоари на улици во Негорци | |
| | | **3** | | **Реконструкција на улици и тротоари** | **2.000.000,00** |
| | | *<u>3.1</u>* | | *<u>Реконструкција на тротоари и др.</u>* | *<u>2.000.000,00</u>* |
| | | | 3.1.1 | Тротоари на ул. “7-ми Ноември “ | |
| | | | 3.1.2 | Тротоари на ул. “Гевгелиски партизански одред “ | |
| | | | 3.1.3 | Тротоари на ул. “Слободан Митров Данко “ | |
| | | | 3.1.4 | Тротоари на улици во Негорци | |
| | | | 3.1.5 | Реконструкција на потпорен ѕид на плоштад во Миравци | |
| | | **4** | | **Реконструкција на други објекти** | **6.500.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Регулација на дел од коритото на “Сува Река” | 3.000.000,00 |
| | | | 4.1.2 | Регулација на дел од коритото на “Мрзенска река” | 3.500.000,00 |
| | | **5** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | | 5.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **6** | | **Надомест за експропријација** | **10.000.000,00** |
| | | | 6.1.1 | Ново Градско пазариште | |
| | | | 6.1.2 | Продолжување на "Булевар Гевгелија кон југ-(Западен Булевар) | |
| | | | 6.1.3 | Улици во УБ 7 (нови улици и ул."Серменинска"), | |
| | | | 6.1.4 | Дел од патот кон Грчката граница веднаш по мостот на Сува Река | |
| | | | 6.1.5 | Објект во дворот на ДГ"Детска Радост" | |
| | | | 6.1.6 | Објект на ул."7-ми Ноември" пред влезот на пазарот | |
| | | | 6.1.7 | Отворање на крак кон исток на ул. "Солунска" | |
| | | | 6.1.8 | Отворање на крак кон југ на ул."Митко Зафиров" | |
| | | | 6.1.9 | ул."Ѓ.Стамков" (дел од паркинг кај Болницата) | |

| **J** | | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **J7** | **J70** | | | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | **2.000.000,00** |
| | | **1** | | **Одржување и користење на паркови и зеленило** | **2.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Уредување и одржување на паркови и зеленило во општина Гевгелија | |
| **J8** | **J80** | | | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **1.900.000,00** |
| | | **1** | | **Други тековни расходи Расчистување и одржување на депонии и др.** | **1.900.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Расчистување и одржување на депонии | |
| | | | 1.1.2 | Расчистување и одржување на одводни канали | |
| **JA** | **JA0** | | | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **2.100.000,00** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **250.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за изградба на улично осветлување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија) | |
| | | | 1.1.2 | Основен проект за изградба на улично осветлување во УБ 7 во Гевгелија, и на останатите улици во градот и населениете места каде што е потребно. | |
| | | | 1.1.3 | Основен проект за изградба на улично осветлување на патот Гевгелија-Негорци | |
| | | | 1.1.4 | Основни проекти за изградба на улично осветлување на останатите улици во градот и населениете места каде што е потребно. | |
| | | | 1.1.5 | Основни проекти за изградба на инсталации за напојување со електрична енергија | |
| | | **2** | | **Изградба на електрични инсталации** | **1.800.000,00** |
| | | | *2.1* | *Улично осветлување* | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на улично осветлување на Моински пат до локалитетот "Динќут" вклучувајќи го и целиот локалитет | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на улично осветлување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија) | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на улично осветлување на патот Гевгелија-Негорски бањи | |
| | | | 2.1.4 | Изградба на улично осветлување во УБ 7 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.5 | Изградба на нови линии за улично осветлување во населените места Миравци, Негорци, Богородица, Мрзенци, Давидово, Смоквица, Милетково, Кованец, Смрдлива Вода | |
| | | | *2.2* | *Инсталации за напојување со електрична енергија* | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2.2.1 | Изградба на електрична инсталација во УБ 14 (југозападна сервисна зона ) | |
| | | | 2.2.2 | Изградба на електрична инсталација северно од “Булевар Гевгелија” | |
| | | | 2.2.3 | Изградба на трафостаници (разводни кутии) | |
| | | | 2.2.4 | Изградба на други инсталација за напојување со електрична енергија | |
| | | **3** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **JE** | **<u>JE0</u>** | | | **<u>ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ</u>** | **<u>1.100.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **200.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на катна гаража во Гевгелија | |
| | | **2** | | **Изградба на паркиралишта** | **500.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на катна гаража во Гевгелија (учество на Општина.Гевгелија) | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на други паркинзи во Гевгелија | |
| | | **3** | | **Реконструкција на паркиралишта** | **350.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на паркинг простор пред зградите на ул.”Гоце Делчев” | |
| | | | 3.1.2 | Реконструкција на паркинг простор пред зградите на ул.”Гевгелиски партизански одред” | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **JГ** | **<u>JГ0</u>** | | | **<u>ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ</u>** | **<u>15.300.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **1.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Основен проект за реконструкција на водоводната мрежа во Негорци | |
| | | | 1.1.3 | Основен проект за реконструкција на водоводната мрежа во Миравци | |
| | | | 1.1.4 | Идеен и Основен проект за зафаќање на водите на Серменинска и Кованска река за водоснабдување на Гевгелија | |
| | | | 1.1.5 | Основен проект за изградба на резервоар за водоснабдување на населба Караорман | |
| | | | 1.1.6 | Проектна документација за водовод во Смрдлива вода | |
| | | **2** | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **10.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење со опремување на лабораторија за контрола на квалитетот на водата | 3.000.000,00 |
| | | | 2.1.2 | Изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот | |
| | | | 2.1.3 | Продолжување на изградбата на водовод во дел од УБ 7 | |
| | | | 2.1.4 | Изградба на водоводна линија северно од Булевар Гевгелија | |
| | | | 2.1.5 | Изградба на водовод во југозападната сервисна зона | |
| | | | 2.1.6 | Поврзување на Негорци и Прдејци со регионалниот водовод и проширување на водоводна мрежа во Прдејци | |
| | | | 2.1.7 | Поврзување на водоводот во Богородица со цевоводот кон Стојаково | |
| | | | 2.1.8 | Доизградба на системот за водоснабдување на Н.Конско | |
| | | | 2.1.9 | Изградба на систем за водоснабдување на Габрово | |
| | | **3** | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **4.000.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 2.140.000,00 |
| | | | 3.1.2 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 1.000.000,00 |
| | | | 3.1.3 | Реконструкција на други водоводни лини во градот и населените места | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **ЈИ** | **<u>ЈИ0</u>** | | | **<u>ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ</u>** | **<u>18.800.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **1.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар) | |
| | | | 1.1.2 | Основен проект за изградба на атмосферска канализација на ул.„7-ми Ноември“ | |
| | | | 1.1.3 | Основен проект за изградба на атмосферска канализација од ул. “Кочо Рацин” до атмосферски колектор на ул. “Слободан Митров Данко”, ул. “Маршал Тито” и ул. “Железничка” | |
| | | | 1.1.4 | Основни проекти за изградба на фекални канализации во населените места кои немаат канализација и тоа: во Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Хума | |
| | | | 1.1.5 | Основен проект за изградба на фекална канализација во Смрдлива вода | |
| | | **2** | | **Изградба на други објекти** | **15.500.000,00** |
| | | <u>*2.1*</u> | | <u>*Фекални канализации колектори и пречистителни станици*</u> | <u>*14.000.000,00*</u> |
| | | | 2.1.1 | Изградба на пречистителна станица за фекалната канализација Гевгелија-учество на општина Гевгелија | 2.000.000,00 |
| | | | 2.1.2 | Колектор до пречистителна станица | 1.000.000,00 |
| | | | 2.1.3 | Изградба на фекална канализација Мрзенци-втора фаза | 3.000.000,00 |
| | | | 2.1.4 | Изградба на фекална канализациона мрежа за Прдејци-прва фаза | 3.000.000,00 |
| | | | 2.1.5 | Довршување на фекалната канализација во УБ 7 | |
| | | | 2.1.6 | Фекална канализација на дел од ул.„СМД“(од ул.„Ѓ.Стамков“ до ул.„Б.Кидрич“) | |
| | | | 2.1.7 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Богородица | |
| | | | 2.1.8 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Миравци | |
| | | | 2.1.9 | Довршување на фекалната канализација во Негорци | |
| | | <u>*2.2*</u> | | <u>*Атмосферски канализации*</u> | <u>*1.500.000,00*</u> |
| | | | 2.2.1 | Атмосферска канализација на ул. “7-ми Ноември” од Водна заедница до семафори и од ул”Н.Карев” до каналот “Рауљ” | |
| | | | 2.2.2 | Атмосферска канализација на ул.„Кочо Рацин“ Гевгелија | |
| | | | 2.2.3 | Изградба на други атмосферски канализации | |
| | | **3** | | **Реконструкција на фекални канализации и колектори** | **2.000.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на фекална канализациона линија на ул.”Слободан Митров Данко”во Гевгелија | |
| | | | 3.1.2 | Реконструкција на канализациона линија на ул.”Ристо Чавдаров”во Гевгелија | |
| | | | 3.1.3 | Реконструкција на други канализациони линиии | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈМ** | **<u>ЈМ0</u>** | | | **<u>ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ</u>** | **<u>1.100.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **100.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основни проекти за изградба на паркови и зеленило | |
| | | **2** | | **Изградба** | **700.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на паркови и зеленило во Гевгелија и во населените места | |
| | | **3** | | **Реконструкција** | **250.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на паркови и зеленило | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **ЈН** | **<u>ЈН0</u>** | | | **<u>УРБАНА ОПРЕМА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ</u>** | **<u>650.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **50.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за поставување урбана опрема | |
| | | **2** | | **Изградба на објекти** | **300.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на фонтана пред ЈОУ„ Гоце Делчев“ Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на фонтани на други локации | |
| | | **3** | | **Набавка на урбана опрема** | **300.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Набавка и монтирање на клупи, табли со натписи, часовници и детски играчки и друга урбана опрема | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Л</u>** | | | | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЛА** | **<u>ЛА0</u>** | | | **<u>СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ</u>** | **<u>1.250.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **300.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за изградба на спортска сала кај ДГ„Сончогледи“Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Основни проекти за изградба на спортски и детски игралишта | |
| | | **2** | | **Изградба на спортски објекти** | **500.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на тениски терени (учество на Општина.Гевгелија) | |
| | | **3** | | **Реконструкција на спортски објекти** | **400.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |
| | | **4** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО** | **<u>90.500.000,00</u>** |

## Рекапитулација на расходите:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| **Е** | | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **14.500.000,00** |
| | **ЕА** | <u>ЕА0</u> | Капитални трошоци на општината | 14.500.000,00 |
| **Ф** | | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **31.800.000,00** |
| | **Ф2** | Ф20 | Уредување на градежно земјиште | 2.500.000,00 |
| | **ФА** | ФА0 | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 29.300.000,00 |
| **<u>Ј</u>** | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **42.950.000,00** |
| | **Ј7** | <u>Ј70</u> | Одржување и користење на паркови и зеленило | 2.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј8** | Ј80 | Други комунални услуги | 1.900.000,00 |
| | **ЈА** | ЈА0 | Изградба на јавно осветлување | 2.100.000,00 |
| | **ЈЕ** | ЈЕ0 | Изградба на простор за паркирање | 1.100.000,00 |
| | **ЈГ** | ЈГ0 | Изградба на системи за водоснабдување | 15.300.000,00 |
| | **ЈИ** | ЈИ0 | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 18.800.000,00 |
| | **ЈМ** | ЈМ0 | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 1.100.000,00 |
| | **ЈН** | ЈН0 | Урбана опрема-Капитални расходи | 650.000,00 |
| **Л** | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **1.250.000,00** |
| | **ЛА** | ЛА0 | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 1.250.000,00 |
| | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **90.500.000,00** |

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура.

### VI.1. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

2. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.

3. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема фекална канализација);
   - Сопствен одвод на атмосферски води (нема атмосферска канализација);
   - Нестандардно улично осветлување; и

- Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура.

Надоместокот за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура и тоа за:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа 10%
- Топлификациона мрежа 15%
- Паркинг простори 10%
- Гасоводна мрежа 15%
- Пречистителна станица за отпадни води 10%.

Надоместокот за основниот степен на уреденост ќе се намали за соодветен процент ако нема еден од објектите на комуналната инфраструктура што го сочинуваат основниот степен на уреденост и тоа:

- Непостоење на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат 45%
- Непостоење на водоводна мрежа (сопствено водоснабдување) 10%
- Непостоење на фекална канализација 15%
- Непостоење атмосферска канализација 10%
- Непостоење на електрична мрежа 15%
- Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување 5%.

**VI.2. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура изнесува:

- **За градот Гевгелија**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за градот Гевгелија, изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./м$^2$
- Деловни и јавни објекти 2.500,00 ден./м$^2$
- Производни (индустриски) објекти 1.000,00 ден./м$^2$
- Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м$^2$

- **За Населени места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци, изнесува:

- Станбени објекти 750,00 ден./м$^2$
- Деловни и јавни објекти 1.250,00 ден./м$^2$
- Производни (индустриски) објекти 500,00 ден./м$^2$
- Бензински пумпи (згради, настрешници,

резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м2

- **Туристички локалитет Смрдлива Вода**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./м2
- Деловни и јавни објекти 2.500,00 ден./м2

- **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.**

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место, изнесува:

- Деловни и јавни објекти 5.000,00 ден./м2
- Производни (индустриски) објекти 3.000,00 ден./м2
- Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м2

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

**VI.3. Начинот на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште и**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, острава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | **ДЕЛОВНИ, ЈАВНИ И ПРОИЗВОДНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, острава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,4 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,2 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 0,5 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Ѕидовите и другите конструктивни елементи;
- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати; и
- Отворени паркиралишта.

Доколку на локацијата на која се гради, претходно постоел објект, а истиот е заведен во катастарот на недвижности (постои во Имотниот лист за предметната парцела), на инвеститорот ќе му се признае површината на објектот со платени комуналии, односно за површината на претходниот објект ќе се намали соодветна површина од новиот објект во соднос 1м$^2$/1м$^2$.

За деловни и производни објекти, кои се големи потрошувачи на електрична енергија, општината не е должна да обезбеди електрична енергија со поголема моќ, освен електрична енергија со моќност доволна за изведување на градежните работи.

## VI.4. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Надоместок за уредување на градежно земјиште се утврдува со пресметка, по што се склучува Договор со инвеститорот за регулирање на начинот на плаќање на надоместокот.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, за што се одобрува попуст од 10% на пресметаниот износ, или може да го платат на рати, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Надоместокот на рати може да се плати на начин што 50% од износот се плаќа веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Инвеститорите - правни лица, можат да вршат плаќање на рати само доколку износот на пресметаниот надоместок е повисок од 500.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со задолжително обезбедување на плаќањето со Банкарска гаранција или друго средство за обезбедување.

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

**VII. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

За реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес, општина Гевгелија, ќе поведува постапки за експропријација, пред надлежниот орган на управата.

Согласно Законот за експропријација, на сопствениците на недвижниот имот ќе им се надомести пазарната вредност на одземениот имот со давање на друга соодветна недвижност (доколку е можно,) или со надомест во пари.

Пазарната вредност на одземениот имот ќе се утврдува согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр.50/2005), а согласно постапката за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија која ја користи Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија.

**VIII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

**IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети, односно редоследот на предвидените проекти во секоја потпрограма и точка од оваа Програма.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.01.2010 година.

Бр.07-118/1 — Претседател
13.01.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 6 точка 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04,28/06 и 103/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање на согласност на Одлуката за утврдување на цената за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води**

1.Се дава согланост на Одлуката за утврдување на цената за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, број 02-27/2 од 5.01.2010 година, усвоена од Управниот одбор на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-121/1 — Претседател
13.01.2009 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

По извршеното срамнување на изворниот текст е констатирано дека во текстот на Решението за утврдување два члена во Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Јужен Вардар"-Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.24/09 год.) е направена техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**на Решението за утврдување два члена во Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Јужен Вардар"-Гевгелија**

Во точка 1 алинеа еден наместо зборовите "дипломиран земјоделски инженер" треба да стојат зборовите "дипломиран економист".

Бр.07-3491/2/09
12.01.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Комисијата за статут и прописи,
***Сашо Поцков с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 5 од Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со отпад во Југоисточниот регион ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/2020 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија на седницата донесе,

**Р Ш Е Н И Е**
**за именување член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за интегрирано управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот регион**

1. За член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за интегрирано управување со комунален цврст отпад во Југоисточниот регион се именува,

-**Горан Гавриловски**, Директор на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-125/1
14.01.2010 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 17.12.2009 год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува,
   - Тони Добарџиев, со завршен факултет за физичка култура, вработен во Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1435/3 Градоначалник
13.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 21.12.2009 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на**
**Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Климент Охридски"-Миравци да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1518/3 Градоначалник
21.12.2009 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува
   - Снежана Аџиева, со завршен Природно математички факултет-дипломиран георгаф (географичар-наставна насока), вработена во Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ"Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-102/1 Градоначалник
13.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 08.01.2010 год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува
   - Никола Марачков, со завршен Електро Технички факултет, вработен во Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ"Крсте Мисирков"-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-103/1 Градоначалник
13.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за

## О Д Л У К А
**за задолжување на Училишниот Одбор на**
**Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Владо Кантарџиев"-Гевгелија да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-104/1 Градоначалник
13.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 12.01.2010 год. донесе

## О Д Л У К А
**за задолжување на Училишниот Одбор на**
**Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Крсте Мисирков"-Гевгелија да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-105/1 Градоначалник
13.01.2010 год. на општина Гевгелија,



С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за отпочнување на постапка за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со отпад во Југоисточниот регион .............. 1
2.Одлука за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода(обилни врнежи од дожд и снег)што ја зафати општина Гевгелија на 21.03.2009 година ................................................................................ 3
3.Одлук за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1184/1,1185, 1186, 1189, 1190, 1191, 1192, 1193,1194,1195 и КП бр. 1197 во КО Прдејци ................................................................................ 4
4.Одлук за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6716/3 во КО Гевгелија ................................................................................ 4
5.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1349,КП бр.1351 и КП бр. 1352 во КО Прдејци ........................................ 5
6.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ................................................................................ 5
7.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година ................................................................................ 6
8.Решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цената за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.......................19
9.Исправка на Решението за утврдување два члена во Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Јужен Вардар"-Гевгелија ........................ 20

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за именување член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за интегрирано управување со комунален цврст отпад во југоистичниот регион ................................................................................ 20
2.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Климен Охридски" Миравци ................................................................................ 21
3.Одлудка за задолжување на Училишниот одбор на ООУ "Климент Охридски" Миравци за објавување на јавен оглас за избор на директор .............. 21
4.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија ................................................................................ 22
5.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија ................................................................................ 22
6.Одлудка за задолжување на Училишниот одбор на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за објавување на јавен оглас за избор на директор ......... 23
7.Одлудка за задолжување на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за објавување на јавен оглас за избор на директор ............ 23

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и член 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За донесување Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс,Граничен премин Богородица, м.в."Милци",општина Гевгелија за плански период 2008-2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс, Граничен премин премин Богородица, м.в."Милци",општина Гевгелија за плански период 2008-2018 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Урбанистички план вон населено место).

**Член 2**

Урбанистички план вон населено место од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 44,05 ха.

Границa на опфатот е:

-Подрачјето во близина на Граничниот премин Богородица, м.в."Милци", односно до реката Вардар, а во близина на градот Гевгелија.

**Член 3**

Просторот опфатен со Урбанистички план вон населено место е со следните намени:

Б - комерцијални и деловни намени

Д - зеленило и рекреација

Е - инфраструктура

**Член 4**

Урбанистички план вон населено место се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење и согласноста од надлежното министерство.

**Член 6**

Урбанистички план вон населено место, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина. Примерок од Урбанистички план вон населено место, по усвојувањето, се доставува и до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Урбанистички план вон населено место се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-554/1 Претседател
10.02.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 и 89/08 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 10.02.2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Извештајот за работа на Јавната општинска установа-Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2009 година**

1.Се усвојува Извештајот за работа на Јавната општинска установа-Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2009 година усвоен од Управниот одбор на библиотеката со Одлука бр.0202-9 од 15.01.2010 година.

2.Да се направат напори за вработување на стручни лица во библиотеката за непречено функционирање на COBISS системот - автоматското внесување на библиотечниот материјал.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-556/1 Претседател
10.02.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 и 89/08 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 10.02.1010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишната програмата за работа на Јавната општинска установа - Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2010 година**

1.Се усвојува Годишната програмата за работата на Јавната општинска установа- Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на библиотеката со одлука бр.0202-10 од 15.01.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-557/1 Претседател
10.02.1010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07,81/08 и 92/08год.), и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 10.02.2010 година утврди,

**ПЛАН**
**за запишување на ученици во I година средно образование**
**во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2010/2011 год.**

***Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2010/2011 година,*** во ***прва година се планира да се запишат*** вкупно *408* ученици,распоредени во *12* паралелки ;

-во настава на македонски јазик вкупно *408* ученици распределени во *12*, паралелки;

-во настава на албански јазик вкупно */* ученици распределени во */* паралелки;

-во настава на турски јазик вкупно */* ученици распределени во */* паралелки;

-во настава на српски јазик вкупно */* ученици распределени во */* паралелки;

Во ова средно општинско училиште, во прва година се планира да се запишат ***ученици од други општини***

1. УЧИЛИШТЕ

Име на училиштето *Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија*

### Гимназиско образование

Во прва година се планира да се запишат *170* ученици, во *5* паралелки.

*во настава на македонски јазик* 170 *ученици, во* 5 *паралелки;*
*во настава на албански јазик* */ ученици, во / паралелки;*
*во настава на турски јазик* */ ученици, во / паралелки;*
*во настава на српски јазик* */ ученици, во / паралелки.*

### Стручно образование

Во прва година се планира да се запишат *238* ученици, во *7* паралелки:

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. Јаз. | Алб. Јаз. | Тур. Јаз. | вкупно | Мак. Јаз. | Алб. Јаз. | Тур. Јаз. | вкупно |
| Угостителско туристичка | Хотелско-туристички техничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Машинска | Автотехничар Мехатроничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Економско правна и трговска | Економски техничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Угостителско туристичка | Готвач | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Угостителско | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| туристичка | Келнер | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Угостителско туристичка | Готвач-келнер | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Машинска | Автомеханичар бравар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |

Овој План влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-558/1 Претседател
10.02.1010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 10.02.2010 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-555/1 Претседател
10.02.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 25 од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06 и 6/09 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 10.02.2010 година, по расправата по Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 1.07.2009 година до 31.12.2009 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 1.07.2009 година до 31.12.2009 година.

2.Советот во врска со податоците наведени во извештајот за присутните состојби во општината во однос на јавната безбеност и безбедноста на сообраќајот смета дека е потребно:

-да се прават почести контроли на угостителските објекти не само во градот туку и во населените места, посебно во делот на точење на алхохол на малолетници, бидејќи состојбата е загрижувачка и да се поднесуваат пријави против сторителите и сопствениците на угостителските објекти.

-во извештајот во иднина да се внесуваат бројки за утврдени кражби со наведување на причините за истите, како и за недозволената трговија со опојни дроги.

3.Во врска со патната сигнализација, односно поставените лежачки полицајци, Градоначалникот на општината да формира комисија за утврдување на нивната исправност со законските прописи. Во комисијата да се именува Републичкиот сообраќаен инспектор, Овластениот општински инспектор за патишта и патен сообраќај, претставник од Полициската станица за општа надлежност од делот за сообраќај и член на Советот на општината.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-559/1 Претседател
10.02.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов** с.р.*

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Согласно член 93-в од Законот за средно образование (Основен текст на законот "Службен весник на РМ" бр.44/95 год. и измените "Службен весник на РМ" бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за именување Вршител на должноста директор на Средното Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

1.За вршител на должноста директор на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

-Борче Нечевски, со завршен Машински факултет, вработен во Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија.

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија, Законот за средно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-597/1 Градоначалник
11.02.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Согласно член 132 став 1, член 133 став 2 алинеа 3 и член 135 став 4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување на директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци

1.Лилјана Стамкова од Гевгелија, се разрешува од функцијата в.д.директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци.

2.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-218/1 Градоначалник
21.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување Вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци**

1.За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

-Дубравка Манева , со завршен Филолошки факултет-англиски јазик, вработена во Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ"Ристо Шуклев"-Негорци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-219/1 Градоначалник
21.01.2010 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 25.01.2010 год. донесе

## О Д Л У К А
**за задолжување на Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште "Ристо Шуклев"-Негорци да објави јавен оглас за избор на директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги



ње

**Член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-254/1 | Градоначалник
25.01.2010 год. | на општина Гевгелија,
Гевгелија | ***Иван Франгов***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс, Граничен премин Богородица, м.в."Милци", општина Гевгелија за плански период 2008-2018 година .......................................................... 25

2.Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУ-Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2009 година ..................................................................... 26

3.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУ-Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2010 година ................................................ 26

4.План за запишување на ученици во 1-ва година Средно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2010/2011 година ......................................... 27

5.Заклучок по Нацрт-Одлука за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија ........................................................................................ 28

6.Заклучок по Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 01.07.2009 година до 31.12.2009 година .......................................................................................... 28

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за именување Вршител на должноста директор на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија ......................................................................................... 29

2.Решение за разрешување на директор на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци ........................................................................................................................... 29

3.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци ........................................................................................... 30

4.Одлука за задолжување на УО на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за објавување на јавен оглас за избор на директор ........................................................ 30

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи**
**улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.03.2010 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година се состои од:

| | Планирани | Реалилзирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **377.474.885,00 ден.** | **287.133.666,00 ден.** |
| Даночни приходи | 132.388.778,00 ден. | 67.447.179,00 ден. |
| Неданочни приходи | 4.305.000,00 ден. | 3.406.701,00 ден. |
| Капитални приходи | 15.110.000,00 ден. | 10.112.280,00 ден. |
| Трансфери | 38.039.300,00 ден. | 28.765.289,00 ден. |
| Наменски дотации | 163.037.707,00 ден. | 163.323.431,00 ден. |
| Приходи од самофинансирачки активности | 13.594.100,00 ден. | 11.600.244,00 ден. |
| Донации | 11.000.000,00 ден. | 2.478.542,00 ден. |
| **-Вкупно расходи** | **377.474.885,00 ден.** | **263.268.389,00 ден.** |
| Утврдени намени | 377.474.885,00 ден. | 263.268.389,00 ден. |
| **-Салдо на 31.12.2009** | | **23.865.275,00 ден.** |

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година се прикажани расходите по програми, потпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-968/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04,96/04,76/07 и 159/09 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/09 год.) членот 10 се менува и гласи:

"Исплатата на платите на вработените во општинската администрација ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот и се утврдуваат:

-за избраните и именуваните лица основицата за пресметка на платата која се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон се утврдува на износ од 26.229 денари.

-за вработените во општинската администрација кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите се утврдува на износ од 73,85.

-за вработените во територијалната противпожарна единица платата се утврдува согласно закон и колективниот договор од соодветната гранка

-за вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници платата се утврдува согласно прописите за работни односи."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува од 01 Јануари 2010 година.

Бр. 07-971/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03,46/05,10/08 и 106/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на ново градско пазариште во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на ново градско пазариште во Гевгелија и износот на средства.

**Член 2**

Изградбата пазариштето од член 1 на оваа одлука е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година и Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија.

**Член 3**

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за изградба на градското пазариште во Гевгелија се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надоместок за одземен имот.

За надоместот од претховниот став на овој член се определуваат средства во износ од 5.508.000,00 денари (4590 м2 x 1200 денари).

**Член 4**

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експропријираниот недвижен имот,врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-988/1
12.03.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04,96/04,76/07 и 159/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Буџетски календар**

### Член 1

Роковите за планирање и усвојување на Буџетот на општина Гевгелија се определуваат со буџетски календар.

### Член 2

Со Буџетскиот календар се утврдуваат следните рокови во кои ќе се преземат и донесува потребните дејствија за изготвување и донесување на Буџетот на општината и тоа:

| Р. бр | назив на органот | Опис на постапката/дејствието што се превзема | Месец во тековната година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | Советот на општината | донесува на **буџетскиот календар** | * | * | * | | | | | | | | |
| 2 | Министерот за финансии | изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** за фискалната состојба во текот на годината | | | * | | | | | | | | |
| 3 | Советот на општината | ја донесува или разгледува **Фискалната стратегија на општината** | | | * | | | | | | | | |
| 4 | Градоначалникот на општината | ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансиските планови** на општинските буџетски корисници | | | * | * | | | | | | | |
| 5 | Градоначалникот на општината | ги **доставува до општинските буџетски корисници** главните насоки за изготвување на финансиските планови | | | * | * | | | | | | | |
| 6 | Општинските буџетски корисници | ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки/ финансиски планови**, со образложение за висината на износите по позиции | | | | * | * | | | | | | |
| 7 | Одделението за финансии и буџет | ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го известува Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) | | | | | | * | * | | | | |
| 8 | Министерот за финансии | го доставува до општината **буџетскиот циркулар** за подготовки на буџетите на општ. и износот на даноци од буџет.на РМ | | | | | | | | до 30. 09. | | | |
| 9 | Одделението за финансии и буџет со градоначалникот на општината | го подготвуваат **нацрт-буџетот на општината** и поднесува на Советот на општината | | | | | | | | | * | * | |
| 10 | Градоначалникот на општината | го доставува до Советот на општината **предлог-буџетот** на општината | | | | | | | | | | * | * |
| 11 | Советот на општината | **го донесува буџетот** на општината за наредната година | | | | | | | | | | | до 31. 12. |

Забелешка: Обележените полиња ги означуваат роковите во кои треба да се

преземат предвидените дејствија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-972/1
12.03.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96,38/04,33/06 и 84/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
### за укинување на Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува укинување на Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија, број 07-818/1 од 13.04.2009 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/09год.).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-983/1
12.03.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.03.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
### за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија

**Член 1**

Во Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/07 и 21/07 год.) во членот 21 се додаваат два нови става 5 и 6 кои гласаат:

"Писмените прашања и одговори се доставуваат до сите членови на Советот.

На почетокот на точката - советнички прашања, право на дополнително п[illegible]

о[illegible]



**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-981/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1181 во КО Миравци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1181 во КО Миравци

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.121/10 изработена од ДПУП "УРБАН"доо Штип е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-71/3 од 18.02.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-984/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 406,410/1 и 4011/3 во КО Прдејци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 406,410/1 и 4011/3 во КО Прдејци.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.078-1612/2009 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Томе ДООЕЛ Струмица, за потребите на "Випро"дооел од Гевгелија, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-66/3 од 1.02.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-985/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 642 и дел од КП.бр.641 во КО Моин

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 642 и дел од КП.бр.641 во КО Моин.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.066-2411/09 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Томе ДООЕЛ Струмица, за потребите на "Д.Ипсилос"дооел од Гевгелија, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-139/3 од 3.03.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усвојување Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 642 и дел од КП.бр.641 во КО Моин бр.07-3486/1 од 16.12.2009 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.24/09 год.)

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-987/1 Претседател

12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4096/1 во КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4096/1 во КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.020-1002/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Томе ДООЕЛ Струмица, за потребите на Александар Итов од Гевгелија, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-144/1 од 3.03.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-986/1 Претседател
12.03.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 15, а во врска со член 65 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање под долгорочен закуп на објектот - нов Пионерски дом на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија на Универзитетот "Гоце Делчев" Штип**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање под долгорочен закуп на објектот - нов Пионерски дом на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија на Универзитетот "Гоце Делчев" Штип и уредување на условите и начинот на користење (во натамошен текст: Универзитет).

**Член 2**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се наоѓа на КП бр.3312 на ул."7-ми Ноември" бр.24 во Гевгелија и зафаќа површина од 2342м2.

**Член 3**

На Универзитетот се издаваат под закуп првиот кат од објектот со површина од 597м2 според имотен лист бр.47 од евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Гевгелија и можност за надградба на истиот, две канцеларии, гардеробата и бифето.

Во приземјето на објектот двете сали Универзитетот заеднички ќе ги користи со Јавната општинска установа.

**Член 4**

Универзитетот објектот ќе го користи за работа и изведување на настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија.

**Член 5**

За користење на објектот за намената што е потребна Универзитетот ќе изврши реконструкција и адаптација на објектот врз основа на проект, а во согласност и со општината.

Документацијата за рекострукција и адаптација ќе ја обезбеди општината како сопственик на објектот.

За вложените средства за адаптација и реконструкција Универзитетот се обврзува да достави пресметка до општината заради утврдување на компензација за закупнината што треба да ја плаќа за користење на објектот.

**Член 6**

Правата и обврските на општината и Универзитетот во врска со реконструкцијата и адаптацијата на објектот ќе се регулираат со посебен договор што ќе го склучат и потпишат претставниците на општината и Универзитетот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-993/1
12.03.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.), член 15 и 22 од Законот комунални дејности ("Службен весник на РМ"бр.45/97,23/99,45/02,16/04 и 5/09 год.), член 265 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ" бр.28/04,84/05,25/07 и 87/08 год.) и член 38 став 1 точка 27 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок со работа и бришење на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува престанок со работа на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци основано со Одлука на Советот на општина Гевгелија бр.07-210/1 од 26.07.2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 11/05 и 12/07 год.). (во натамошниот текст: Јавното претпријатие).

**Член 2**

Јавното претпријатие сопственост на општина Гевгелија престанува со работа заради тоа што во општината постои јавно претпријатие за вршење на комунални дејности од јавен интерес и стопанисување со комуналната инфраструктура, согласно член 15 од Законот за комунални дејности, според кое во општината не може да постојат две јавни претпријатија со иста дејност.

**Член 3**

Комуналните дејности за подрачјето на кое дејствуваше Јавното претпријатие ќе ги врши ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

**Член 4**

Основните средства, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства и вработените од Јавното претпријатие се преземаат и се пренесуваат на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија."

**Член 5**

За лице кое ќе ги преземе потребните дејствија за упис на бришење на Јавното претпријатие во Централниот регистар на РМ се назначува Трипчо Димитровски со ЕМБГ 1202952482012, Вршител на должноста на Јавното претпријатие, со постојано место на живеење на ул."Гоце Делчев" во Миравци.

**Член 6**

Уписот во Централниот регистар ќе се изврши по влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-989/1 — Претседател
12.03.2010год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.), член 15 и 22 од Законот комунални дејности ("Службен весник на РМ"бр.45/97,23/99,45/02,16/04 и 5/99/09 год.), член 51 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ" бр.28/04 84/05,25/07 и 87/08 год.) и член 38 став 1 точка 27 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.03.2010 година, донесе



**О Д Л У К А**

**за промена на називот на Јавното претпријатие**
**за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува промена на називот на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци и скратениот назив. (во натамошниот текст Јавното претпријатие).

**Член 2**

Називот на Јавното претпријатие за водовот и комуналии "Миравци" од Миравци до бришењето од Централен регистар ќе гласи: Јавно претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци - во ликвидација.

Скратениот назив на Јавното претпријатие ќе гласи: ЈПВК "Миравци" од Миравци - во ликвидација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-990/1 — Претседател
12.03.2010год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.),член 1 став 2 и член 13 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр.105/07 и 146/07 год.) и член 38 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.03.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија**

**Член1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија,Бр.07-257/1 од 30.01.2009 година, во членот 9 став 1 точка 3 зборовите "Сектор за финансии,буџет и локални даноци и такси"се заменуваат со зборовите"Сектор за финансиски прашања".

**Член 2**

Во членот 11 став 1 зборовите "Сектор за финансии,буџет и локални даноци и такси"се заменуваат со зборовите"Сектор за финансиски прашања".

Во истиот член во алинеа еден зборовите "Одделение за финансии и буџет"се заменуваат со зборовите "Одделение за финансиски прашања".



**Член 3**

Во членот 18 после зборовите " врши информатичко-технолошки работи; комуникација со медиумите и јавноста" се додаваат зборовите "давање административно-техничка помош на месните заедници".

**Член 4**

Во членот 20 после зборовите"вршење административни работи за потребите на месните заедници"се додаваат зборовите " и граѓаните во Општинскиот центар за услуги и дисперзираните канцеларии во населените места Негорци,Прдејци,Миравци и Богородица(давање помош при поднесување на барања и нивно дистрибуирање до надлежните органи)".

**Член 5**

Членот 21 се менува и гласи:

Штембилот на Советот има правоаголна форма со големина од 6Х2 см на кој е испишано во горниот дел "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под тоа "ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА" и "СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" со рубрика за "Број", "Дата и година" и под тоа испишано "ГЕВГЕЛИЈА".

Штембилот на Градоначалникот на општината има правоаголна форма со големина од 6Х3 см на кој е испишано во горниот дел "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под тоа "ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА" и "ГРАДОНАЧАЛНИК" со рубрика за "Примено", "Организациона единица", "Број", "Прилог" и "Вредност".

Штембилот на Градоначалникот има правоаголна форма со големина од 6Х2 см на кој е испишано во горниот дел "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под тоа "ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА" и "ГРАДОНАЧАЛНИК" со рубрика за "Број", "Дата и година" и под тоа испишано "ГЕВГЕЛИЈА".

Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, како организациска единица што работи надвор од административната зграда на општината, ќе користи штембили на општината изработени во истоветна содржина и големина обележани со реден број испишан со римски број.

**Член 7**

Општината води евиденција на печатот на општината и на печатите на органите.

Печатите се чуваат и употребуваат во просториите на општината и органите на општината. По исклучок од ставот 1 на овој член печатот може да се

употребува и надвор од седиштето на општината, односно органот, ако се преземаат службени дејствија надвор од службените простории.

Печатот се става на актот од левата страна на потписот на овластеното лице за потпис.

**Член 8**

Штембилите од член 6 се употребуваат за евиденција на актите и другата преписка на органите на општината.

Отпечатокот на штембилот се става во заглавјето на актот и на другите писмена од неговата лева страна или може да биде отпечатен и во заглавјето на актот или на другите писмена.

Штембилите се чуваат на ист начин како што се чуват печатите на органите на општината.

**Член 9**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за печатите и штембилите на Органите на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/97 год.).

**Член 10**

Ова Одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1622/1 — Претседател
11.05.2010 год. — на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/2004 и 96/2004 год.), член 29-б од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на РМ" бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09 и 42/010 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
### за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/09 год.) во членот 13 ставот 2 бројот "84%" се заменува со бројот "50%".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр. 07-1612/1 — Претседател
11.05.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за бришење на долг на обврзниците на надоместокот за употреба на градежно земјиште од книговодствената евиденција на Општинската администрација Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува бришење на долг на физичките и правните лица - обврзници на надоместокот за употреба на градежно земјиште од книговодствената евиденција на Општинската администрација Гевгелија.

**Член 2**

Бришењето на долгот на обврзниците на надоместокот за употреба на градежно земјиште во вкупен износ од 62.077.384,00 денари ќе го изврши Одделението за локални даноци и такси.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1616/1
11.05.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03,46/05,10/08 и 106/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за реконструкција на локалниот пат од Понов мост до село Богородица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за реконструкција на локалниот пат од Понов мост до село Богородица и износот на средства.

**Член 2**

Реконструкцијата на локалниот пат од член 1 на оваа одлука е дел од Проектот "Реконструкција и рехабилитација на локални патишта во РМ" финански поддржан од Меѓународната банка за обнова и развој.

**Член 3**

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за реконструкција на локалниот пат од Понов мост до село Богородица се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година, Програма Ф -

Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма ФА - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надоместок за одземен имот.

За надоместот од претховниот став на овој член се определуваат средства во износ од 60.000,00 денари (330 м2 ).

**Член 4**

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експроприраниот недвижен имот,врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1615/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За донесување Детален урбанистички план за дел од УБ 5, плански опфат "А" во Гевгелија, за плански период 2009-2014 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од УБ 5,плански опфат "А" во Гевгелија, за плански период 2009-2014 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план ).

**Член 2**

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 6,78 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи:

-На североисток со осовината на новопредвидената сервисна улица која ја прати границата на класа на намена на површина по ГУП.

-На југоисток осовината на дел од претходно наведената собирна улица и дел од осовината на Јужна собирна улица по ГУП.

-На југозапад осовината од Јужната собирна и Западната собирна по ГУП.

-На северозапад осовината на Западна собирна улица, Моински пат и границата на класа на намена В по ГУП.

**Член 3**

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

В - јавни институции

Д - зеленило и рекреација

Е - инфраструктура

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење и согласноста од надлежното министерство.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина. Примерок од Деталниот урбанистички план, по усвојувањето, се доставува и до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-1617/1 | Претседател
11.05.2010 год. | на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија | ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 163/8 во КО Мрзенци - Мрзенци

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 163/8 во КО Мрзенци - Мрзенци.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.033-0303/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90"дооел Струмица за инвеститорите Марија и Орце Величковски од Мрзенци, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-218/2 од 19.04.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1618/1
11.05.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2155/1 во КО Богородица - Богородица

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2155/1 во КО Богородица - Богородица.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.078-1612/2009 изработена од ДПГИ "Вектор 90"дооел Струмица за инвеститорот Зоран Атанасов од Богородица, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-58/3 од 17.04.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1619/1
11.05.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5474 во КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5474 во КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.031-0203/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90"дооел Струмица за инвеститорот Матилда Ристовска од Гевгелија, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-255/3 од 19.04.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1621/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 6478 во КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6478 во КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.039-1903/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90"дооел Струмица за инвеститорот Благој Стојчевски од Гевгелија, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-248/3 од 21.04.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1620/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од

Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување патронен празник на градот Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува патронен празник на градот Гевгелија и денот на одбележување.

**Член 2**

За патронен празник на градот Гевгелија се определува "Спасовден" кој се одбележува во денот четврток ,40 дена после Велигден, според Јулијанскиот каледар.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1630/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 62, а во врска со член 55 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08 и 52/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема, во патниот,заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината и видот на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија.

**Член 2**

За обезбедување средства за финансирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија се утврдува надоместок за:

-поставување на натписи и рекламни табли во заштитен појас;
-приклучување на пристапен пат на јавен пат;
-поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас;
-изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место;
-прекумерно користење на пат;
-вонреден превоз;

-штета сторена на патот и објектите на патот;

**Член 3**

За поставување на натписи и рекламни табли во заштитен појас на општинските патишта и улици се плаќа надоместок и тоа:

-за големина до 0,5м2 ........................................................ 2.000,00 ден. годишно

-за големина до 0,5-1м2 ...................................................... 4.000,00 ден. годишно

-за големина до 1-3м2 ......................................................... 7.000,00 ден. годишно

-за големина над 3м2 ....................................................... 15.000,00 ден. годишно

Дозвола за поставување на натписи и рекламни табли издава Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Сопствениците и корисниците на објекти лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта и улици или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општински пат или улица врз основа на одобрение издадено од општината.

Надоместокот за приклучување на пристапен пат до општински пат или улица изнесува 10.000,00 денари.

**Член 5**

Надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас на општинските патишта и улици изнесува 200 денари по метар поставена инсталација.

Дозволата за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас на општинските патишта и улици издава градоначалникот на општината по претходно извршен увид на теренот.

**Член 6**

Надоместокот за изградба и користење за комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место изнесува 5.000,00 денари.

**Член 7**

Прекумерно користење на општински пат - улица или негов дел е времено или трајно користење на патот - улицата поради изршување на инвестициони работи или заради вршење на производни и услужни дејности (искористување на камења, руди и сл.).

За прекумерно користење на општинскиот пат - улица се плаќа надоместок од 600 денари по поминат километар на ден.

**Член 8**

Користење на општински пат - улица со возило кое е празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок, се врши врз основа на дозвола за вонреден превоз издадена од Градоначалникот на општината,по претходна согласност на Министерството за внатрешни работи.

Надоместокот за вонреден превоз на општинскиот пат - улица изнесува:

- 1000 денари за секој тон надминато од оскино оптоварување од должен километар,

-1000 денари за секој тон надминато од дозволената бруто тежина на возилото,

- 1000 денари од возило за дозволени габарити по должина, ширина и висина.

**Член 9**

Надоместокот за штета сторена на патот-улицата ја утврдува Комисија формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на извршен увид и проценка на сторената штета.

Комисијата е составена од три члена и тоа:

-Два претставника од општината; и

-Еден претставник МВР-СВР - Полициска станица Гевгелија

При добивање на согласност, односно дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас на општинските патишта - улици, барателот (инвеститорот) е должен да депонира (авансно) средства по основ надомест за сторена штета или враќање во поранешна состојба, кои ќе бидат утврдени со претходен увид и проценка од општината, а подоцна доколку се утврди од комисијата од став 2 на овој член повисок или помал износ соодветно ќе се постапи.

**Член 10**

Средствата од член 1 на оваа Одлука, општината ќе ги користи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

**Член 11**

За вршење на надзор и увид на лице место ќе се плаќа надоместок во висина од 2.000,00 денари.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1614/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 46 од Законот за градежното земјиште (“Службен весник на РМ”бр.82/2008 и 143/08), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 11.05.2010 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.01/2010) во глава V.„Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Ф.Урбано планирање, програма ФА, потпрограма ФА0 Уредување на градежно земјиште - Капитални трошоци“, во одделот „6.Надомест за експропријација“, по точката 6.1.9 се додава нова точка 6.1.10 која гласи:

„6.1.10. Локален пат Понов мост-Богородица.“

**Член 2**

Глава „VI.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и начин на плаќање", се менува и гласи:

**"VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**VI.1. Уредување на градежното земјиште**

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови вон населено место).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Како целосно уредено градежно земјиште се смета градежното земјиште во општина Гевгелија на кое е изградена или се планира изградба на инфраструктура најмалку од основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Општина Гевгелија, за градежното земјиште во рамки на урбаните опфати на градот, населените места или вон населено место, односно за градежното земјиште за кое се донесени урбанистички планови има изградено или ќе изгради инфраструктурни објекти кои го сочинуваат најмалку основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

За градежното земјиште за кое не се планира целосно уредување, односно градежното земјиште за кое во Програмата децидно е нагласено дека нема или само делумно ќе се уредува, надоместокот ќе се наплаќа како за понизок степен на уреденост, согласно процентуалнта вредност на инфраструктурните објекти кои го сочинуваат понискиот степен на уреденост.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на

таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Инвеститорот може да го уреди градежното земјиште на свој трошок. Кога уредувањето на градежното земјиште се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин кој ќе го договори со општината, а особено преку уплатите на новите корисници на веќе поставените објекти.

Уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура како и партерно уредување во границите на градежната парцела го врши инвеститорот.

Кога заради уредување на градежното земјиште е потребно да се постави инфраструктурен објект на туѓо земјиште или друга недвижност, оштината воспоставува присилна комунална службеност заради поставување на објектот.

Одржувањето на објектите на инфрасруктурата на уредено градежно земјиште, го вршат субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

### VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост или планирана опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

4. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

5. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.

6. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема фекална канализација);
   - Сопствен одвод на атмосферски води (нема атмосферска канализација);
   - Нестандардно улично осветлување; и
   - Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура (онаму каде што се изградени истите), односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент, доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура кој претставува повисок степен на уреденост, и тоа за:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа 15%
- Топлификациона мрежа 20%
- Паркинг простори 15%
- Гасоводна мрежа 20%
- Пречистителна станица за отпадни води 15%.

За делумно уредено градежно земјиште, односно за градежно земјиште за кое не се планира целосно уредување, или се планира само делумно уредување поради непостоење на технички услови за целосно уредување, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплати за инфраструктурните објекти кои постојат или се планирани во делумното уредување и тоа како соодветен процент од висината на надоместокот:

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат 45%
- Водоводна мрежа 10%
- Фекална канализација 15%
- Атмосферска канализација 10%
- Подземна електрична мрежа 15%
- Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување 5%.

**VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **ДЕЛОВНИ, ЈАВНИ И ПРОИЗВОДНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,4 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,2 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Ѕидовите и другите конструктивни елементи;
- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати; и
- Отворени паркиралишта.

Доколку на локацијата на која се гради, претходно постоел објект, а истиот е заведен во катастарот на недвижности (постои во Имотниот лист за предметната парцела), на инвеститорот ќе му се признае површината на објектот со платени комуналии, односно за површината на претходниот објект ќе се намали соодветна површина од новиот објект во соодност 1м$^2$/1м$^2$, а за пренамена на објектите ќе се доплати разлика за површината која се пренаменува.

### VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура изнесува:

- **За градот Гевгелија**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за градот Гевгелија, изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./м$^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 2.500,00 ден./м$^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./м$^2$

- **За Населени места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци, изнесува:

- Станбени објекти 750,00 ден./м$^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 1.250,00 ден./м$^2$,
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./м$^2$

- **Туристички локалитет Смрдлива Вода**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./м$^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 2.500,00 ден./м$^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./м$^2$

- **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места опфатени со Урбанистички планови вон населено место, изнесува:

- Деловни, јавни и производни објекти 5.000,00 ден./м$^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./м$^2$

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

**VI.5. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, за што се одобрува попуст од 10% на пресметаниот износ, или може да го платат на рати, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Надоместокот на рати може да се плати на начин што 50% од износот се плаќа веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Инвеститорите - правни лица, можат да вршат плаќање на рати само доколку износот на пресметаниот надоместок е повисок од 500.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со задолжително обезбедување на плаќањето со Банкарска гаранција или друго средство за обезбедување.

Договорот се склучува во рок од 15 дена од доставување на барањето до Одделението за комунални работи и локални патишта.

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.“

**Член 3**

Во глава VII.„Експропријација на недвижен имот“, во третиот пасус, во текстот во заградите по текстот „Службен весник на РМ“ бр.50/2005“, се става запирка и се додава текстот:

„40/2010 и 46/2010.“

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.07-1613/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-453/2 од 8.04.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1625/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2009 година

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2009 година , усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-453/3 од 13.04.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 1623/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2009 година**

1.Се дава согласност на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2009 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-290/2 од 5.03.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1624/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија,бр.01-1163/1 од 18.12.2009 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата од 1.12.2009 година со следните забелешки:

-членот 17 да се измени и гласи:"Претпријатието го застапува и раководи директор што го избира,односно разрешува Градоначалникот на општината".

-членот 18 став 1 да се измени и гласи:"Функцијата директор и член на надзорен одбор за контрола на јавното претпријатие е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија,како и член на Советот, градоначалник на општината и за јавните претпријатија основани од општината".

- во членот 63 ставот 2 да се брише.

2.Се задолжува јавното претптијатие да постапи по забелешките од точка еден на ова решение.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1626/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 11.05.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на услуги на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за градски пазар и депонија**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на услуги на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за градски пазар и депонија,бр.02-95/5 од 25.01.2010 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата од 25.01.2010 година, со следната забелешка:

-членот 2 да се измени и гласи:"Се утврдува цена за депонирање отпад на депонија од правни лица и вршители на дејност 150,00 денари по м3 плус 5% ДДВ.

2.Се задолжува јавното претптијатие да постапи по забелешката од точка еден на ова решение.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1627/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 11.05.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Валандово**

1.Во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Валандово се именуваат два члена и тоа:

-Весна Мицева од Гевгелија,Факултет за туризам

-Ристо Атанасовски од Гевгелија,Електро -машински факултет

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1628/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 11.05.2010 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран

1.Во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран се именуваат два члена и тоа:

-Благој Ристов од Гевгелија, Правен факултет

-Томе Јанкуловски од Негорци,Правен факултет

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1629/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/04,96/04 и 67/07 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 11.05.2010 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал 1 (01.01.2010 - 31.03.2010), го донесе следниот,

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал 1 (01.01.2010 - 31.03.2010).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1611/1 Претседател
11.05.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## СОДРЖИНА

1.Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година ........................................ 292

2.Одлука за начинот на употреба на печатот на општина Гевгелија и печатите на Органите на општина Гевглија, како и за штембилите на Органите на општината ........................................ 293

3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година ........................................ 295

4.Одлука за бришење на долг на обврзниците на надоместокот за употреба на градежно земјиште од книговоствената евиденција на Општинската адмнистрација Гевгелија ........................................ 296

5.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за реконструкција на локален пат од Понов мост до село Богородица ........................................................................................................ 296

6.Одлука за донесување Детален урбанистички план за дел од УБ 5, плански опфат "А" во Гевгелија за плански период 2009-2014 година ................ 297

7.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.163/8 КО Мрзенци-Мрзенци ............................................................ 298

8.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2155/1 КО Богородица - Богородица ................................................ 299

9.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.5474 КО Гевгелија ........................................................................ 299

10.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.6478 КО Гевгелија ........................................................................ 300

11.Одлука за определување патронен празник на градот Гевгелија ......... 301

12.Одлука за утврдување висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема, во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија ......................................... 301

13.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година ..................................... 303

14.Решение за давање на согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија за 2010 година ................................................ 309

15.Решение за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија за 2009 година .................................................... 309

16.Решение за давање на согласност на Годишната сметка на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија за 2009 година .................................................... 310

17.Решение за давање на согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија .............................................. 310

18.Решение за давање на согласност на Одлука за утврдување на цената на услуги на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за градски пазар и депонија ................ 311

19.Решение за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Валандово ........................................................... 311

20.Решение за именување членови во Заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран ................................................................................................ 312

21.Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал 1 (01.01.2010-31.03.2010 год.) ................................ 312

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 22 и 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детелниот урбанистички план ).

**Член 2**

Нацрт-Детелниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 15,5 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи:

-На **север** границата оди по улица "Мицо Шаренков",скршнува на југ по улица "7-ми Ноември",скршнува на исток до улица "Гевгелиски партизански одреди".

-На **исток** границата оди по осовината на улица "Гевгелиски партизански одреди" и улица "Кирил и Методи".

-На **југ** границата оди по осовината на улица "Ристо Фршинин" и "Јосиф Јосифовски".

-На **запад** границата оди по осовината на улица "Ѓорѓи Велков",скршнува на запад по улица "Маршал Тито, скршнува на север по улица "Иво Лола Рибар" и улица"Ристо Шуклев".

**Член 3**

На просторот опфатен со Нацрт-Детелниот урбанистички план се планираат следните класи на намени: А,Б,В, Д и мешани намени (А,Б,В-домување, комерцијално деловни и јавни намени).

**Член 4**

По Нацрт-Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавнта анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање. .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-1961/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 22 и 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт-Урбанистички план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци, општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци,општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Урбанистичкиот план ).

**Член 2**

Нацрт-Урбанистичкиот план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 6,06 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи:

-На западната страна по границата на катастарските парцели 491,493,495/1,496,497 и 500;

-На јужната страна се движи по границата на следните катастарски парцели 500,499,498,511,512,513,514,515,516,517,758,757,756,755/2 и 755/1;

-На североисточната страна се движи по границата на катастарските парцели 491,524,525,527,528 и 755/1.

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Урбанистичкиот план е со следните намени:

**В - јавни институции**

В.2 Здравство

**Д - зеленило и рекреација**

Д.1 Парковско зеленило

Д.3 Спорт и рекреација

**Е - инфраструктура**

Е.1Сообраќајна инфраструктура

Е.2Комунална инфраструктура-трафостаница

**Член 4**

По Нацрт-Урбанистичкиот план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавнта анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање. .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1962/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3954, 3955, 3956, 3958 и 3959 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3954, 3955, 3956, 3958 и 3959 КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. У04-05/10 изработена од ДПТУ "Иванов-инжинеринг" Битола за потребите на Општина Гевгелија за изградба на Автобуска станица, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09- 424/3 од 01.06.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1963/1 — Претседател
22.06.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4438/1 и 4438/2 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4438/1 и 4438/2 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 54-1904/2010 изработена од ДПГИ "Вектор" Струмица за потребите на Иван Костов од Гевгелија за доградба на станбен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09- 412/3 од 27.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1964/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2344** и дел од **КП бр. 2342 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2344 и дел од КП бр. 2342 КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 036-0903/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90"ДООЕЛ Струмица за потребите на Иван Стаменов од Гевгелија за одредување градежна парцела (ГП 1) со намена А1 - семејно домување, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09- 327/3 од 20.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1965/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5021 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5021 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 2534/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за потребите на "ЕКАТОС" доо Гевгелија, за одредување градежна парцела (ГП 1) со намена А1 - семејно домување, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09- 399/2 од 20.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1966/1<br>22.06.2010 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5858/1 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5858/1 КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 2505/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за потребите на Лазар Карајанов од Гевгелија за одредување градежна парцела (ГП 1) со намена А1 - семејно домување, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09- 382/2 од 20.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1967/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 5132 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5132 КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 053-1604/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" ДООЕЛ Струмица за потребите на Викторија Поп-Ристова од Гевгелија и Наталија Димовска од Велес за одредување градежна парцела (ГП 1) со намена А1 - семејно домување, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09-326/3 од 25.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1968/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 551 КО Ново Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 551 КО Ново Конско општина Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр. 108/2010 изработена од ДПУП "БИЛД" дооел Скопје за потребите на ДПМПУ "ТЕЛЕЛИНК МК" дооел Скопје за базна станица за мобилна телефонија VLS 9069, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр. 09-413/2 од 31.05.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1969/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07 и 91/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, (Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4411/2 и 4412 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4411/2 и 4412 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех. бр.060-3004/2010 изработена од ДПГИ "Вектор" Струмица за потребите на Гоце Тодоров од Гевгелија за доградба на станбен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со решение.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1970/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 алинеа 1 и член 164 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) поднасловот под реден број "X.Јавни трибини, анкети и предлози од граѓаните" се менува и гласи:

"X.Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата".

**Член 2**

По членот "131" се додава нов член "131а" кој гласи:

**"Член 131а**

Градоначалникот и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и изор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на општината.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на општината по предлог на Градоначалникот на општината".

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1971/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96,38/04,33/06, 84/08 и 67/10год.) и член 38 став 1 алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 2**

Секој член на Советот на општина Гевгелија независно дали има живеалиште на матичното подрачје за кое се водат матичните книги на венчаните може да присуствува при склучување на брак.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-1972/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 4 од Законот за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на РМ" бр.86/08 год.) и член 38 став 1 алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за привремено доделување на вршење на погребални услуги на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува привремено вршење на погребални услуги на градските гробишта во Гевгелија од страна на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија.

**Член 2**

ЈПКД"Комуналец" Гевгелија дејноста погребални услуги ќе продолжи привремено да ја врши до определување на оператор за вршење на погрбални услуги во општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-1973/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 10 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на постојано заедничко работно тело**
**на општина Гевгелија и општина Валандово**

**Член 1**

Се формира постојано заедничко работно тело на општина Гевгелија и општина Валандово од 5 члена.

Во работното тело по два члена именува секоја општина од општинската администрација и еден надворешен член.

**Член 2**

Од општина Гевгелија во работното тело се именуваат:

-Кирил Јанишлиев,дипломиран политиколог

-Благој Ристов, дипломиран правник

За надворешен член се именува Ристо Атанасовски, дипломиран електро инженер.

**Член 3**

Работното тело од член 1 на оваа Одлука ќе иницира донесување на одлуки кои се од заеднички интерес во извршувањето на надлежностите на општините и размена на искуства и остварување на стручна соработка на општинските администрации во вршењето на надлежностите на општините за областите утврдени во проценката за остварување на меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Работното тело за својата работа ќе достави извештај до Советите на општините Гевгелија и Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањетово "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1974/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување приоритетен проект за учество на општина Гевгелија**
**во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта**
**со средства од Европска банка за обнова и развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритетен проект за учество на општина Гевгелија во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта со средства од Европска банка за обнова и развој.

**Член 2**

За приоритетен проект, согласно Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на општина Гевгелија за 2010 година се утврдува:

-рехабилитација на локалниот пат Негорци-Серменин

**Член 3**

Проектот од член 2 на оваа Одлука ќе се имплементираат со средства од Фондовите на Европската банка за обнова и развој.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1982/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04 и 89/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на работното време за еден час на угостителските објекти во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува продолжување на работното време за еден час на угостителските објекти во општина Гевгелија.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од член 1 на оваа одлука ќе трае до 31 Август 2010 година.

Во продолженото работно време да не се користи музика.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1981/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2009 година

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2009 година , усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1977/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевглија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За давање согласност на Финансовиот извештај за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за периодот 01.01. до 31.12.2009 година**

1.Се дава согласност на Финансовиот извештај за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за периодот 01.01. до 31.12.2009 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Заклучок бр.03/48/1 од 25.02.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1978/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевглија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05 и 24/07 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Извештајот заа работењето на Јавната општинска установа-Работнички универзитет"Кирил и Методија" Гевгелија за 2009 година со дополнување**

1.Се усвојува Извештајот за работењето на Јавната општинска установа-Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2009 година со дополнувањето, усвоен од Управниот одбор на Јавната установа со Одлука бр.0202-8 од 4.02.2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1980/1
22.06.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 412 и 414 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07,86/08,98/08 и 64/09 год.) и член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на опшитна Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија и именување на членови**

1.Се формира Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија од 11 членови.

За членови во Советот се именуваат:

-Љубчо Алексовски од Гевгелија, со зврешено средно образование
-Васка Голчева од Гевгелија, со завршено Високо образование
-Димче Делев од Гевгелија, со завршено средно образование
-Тихомир Кнежевиќ од Гевгелија, со завршено средно образование
-Светлана Митрова од Гевгелија, со завршено Високо Образование
-Бранко Ортаковски од Гевгелија, со завршено Више образование
-Илија Паласкаров од Гевгелија, со завршено средно образование
-Роберта Патирова од Гевгелија, со завршено Високо образование
-Јадранка Решкова од Гевгелија, со завршено средно образование
-Симо Христов од Гевгелија, со завршено Високо образование
-Марија Чалкова од Гевгелија, со завршено Високо образование

2.Работите од надлежност на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата на општината се утврдени во членот 412 и 413 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.1/00,6/01,12/04 и 13/05 год.)

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1975/1 — Претседател
22.06.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

---

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат за член на Советот на општина Гевгелија**

1.На Тони Аврамов, член на Советот на општина Гевгелија му престанува мандатот на член на Советот поради поднесување на оставка, од денот на одржувањето на седница.

2.Решението да се достави до Општинската изборна комисија.

Бр.07-1983/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, по расправата на Извештајот за работењето на Фондацијата за локален развој и развој на ИТ за 2009 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работењето на Фондацијата за локален развој и развој на ИТ за 2009 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1979/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 22.06.2010 година, по расправата по Нацрт-Листата за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Листата за имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Гевгелија, со забелешките во дискусиите на седницата на Советот на општината.

2.По Нацрт-Листата ќе се спроведе јавна дискусија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1976/1 Претседател
22.06.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година ........ 314

2.Одлука за утврдување Нацрт-Урбанистички план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци, општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година ........ 315

3.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3954, 3955, 3956, 3958 и 3959 КО Гевгелија ........ 316

5.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2344 и дел од КП бр. 2342 КО Гевгелија ........................................ 317

6.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5021 КО Гевгелија ........................................ 318

7.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5858/1 КО Гевгелија ........................................ 318

8.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5132 КО Гевгелија ........................................319

9.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 551 КО Ново Конско ........................................ 319

10.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 4411/2 и 4412 КО Гевгелија ........................................ 320

11.Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија ........................................ 321

12.Одлука за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија ........... 322

13.Одлука привремено доделување вршење на погребални услуги на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........................................ 322

14.Одлука за формирање на постојано заедничко работно тело на општина Гевгелиј и општина Валандово ........................................ 323

15.Одлука за утврдување приоритетни проекти за учество на општина Гевгелија во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта со средства од Европска банка за обнова и развој ........................................ 323

16.Одлука за продолжување на работното време за еден час на угостителските објекти во општина Гевгелија ........................................ 324

17.Решение за давање согласност на Извештај за работата на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2009 година (одложен од претходната седница........................................ 324

18.Решение за давање согласност на Финансов извештај за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за период 1.01. до 31.12.2009 година со завршната сметка во стандардизирани обрасци (одложен од претходната седница........................................ 325

19.Решение за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија"Гевгелија за 2009 година со дополнувањето........................................ 325

20.Решение за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија и именување на членови ........................................ 326

21.Решение за престанок на мандат за член на Советот на општина Гевгелија ........................................ 326

22.Заклучок по Извештај за работењето на Фондацијата за локален развој и развој на информатичката технологија за 2009 година ........................................ 327

23.Заклучок по Нацрт-Листа за имиња на улици, плоштаци, мостови и на други инфраструктурани објекти на подрачјето на општина Гевгелија ............. 327

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843



## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 23.06.2010 година, донесе

### О Д Л У К А
**за утврдување приоритетен проект за учество на општина Гевгелија во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта со средства од Европска банка за обнова и развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритетен проект за учество на општина Гевгелија во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта со средства од Европска банка за обнова и развој.

**Член 2**

За приоритетен проект, согласно Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на општина Гевгелија за 2010 година се утврдува:

-рехабилитација на локалниот пат Негорци-Серменин

**Член 3**

Проектот од член 2 на оваа Одлука ќе се имплементираат со средства од Фондовите на Европската банка за обнова и развој.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1988/1
23.06.2010 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 и 91/09 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### О Д Л У К А
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година (Во [illegible]



**Член 2**

За спроведување на јавната презентација и јавната анкета Нацрт-Деталниот урбанистички план ќе се изложи во просториите на Туристичко информативниот центар на ул."Маршал Тито" во Гевгелија и во просториите на Одделението за урбанизам,архитектура,градежништво и заштита на животната средина.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала на објектот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" во Гевгелија на ден 29.06.2010 година со почеток во 11 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетни листови може да се подигнат и пополнети да се достават во архивата на Општинскиот центар за услуги во зградата на општината и во Одделението за урбанизам,архитектура,градежништво и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт- Нацрт-Деталниот урбанистички план и за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-2004/1 — Градоначалник
24.06.2010 год. — на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Иван Франгов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за дел од Блок "1" централно градско подрачје Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2010-2015 година ...................... 329

2.Одлука за утврдување приоритетен проект за учество на општина Гевгелија во Проектот - Рехабилитација и подобрување на локалните патишта со средства од Европска банка за обнова и развој ...................................................... 329

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 и 91/09 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### О Д Л У К А

За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистички план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци, општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци, општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година (Во натамошниот текст: Нацрт-Урбанистичкиот план).

**Член 2**

За спроведување на јавната презентација и јавната анкета Нацрт-Урбанистичкиот план ќе се изложи во просториите на Месната заедница Негорци и во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала на објектот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" во Гевгелија на ден 2.07.2010 година со почеток во 11 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетни листови може да се подигнат и пополнети да се достават во архивата на канцеларијата на Општинскиот центар за услуги во зградата на општината во Негорци и во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Урбанистичкиот план и за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-2031/1
28.06.2010 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

### С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистички план вон населено место ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци КО Негорци, општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година .................................... 331

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи**
**улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843**

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 3869 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3869 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2553/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн Центар Инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Цонка Старделова од Гевгелија, Соња Јанакиевска од Скопје, Борка Карајанова од Гевгелија и Владимир Кантарџиев од Скопје за предвидување на градежна парцела (ГП1) со намена А1-семејно домување, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-598/2 од 8.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2200/1
21.07.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 5511/1 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5511/1 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2554/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн Центар Инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Димитар Дојранлиев од Гевгелија за предвидување на градежна

парцела (ГП1) со намена А1-семејно домување е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-597/2 од 8.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2199/1 Претседател
21.07.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 161/10 и 161/6 КО Мрзенци

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 161/10 и 161/6 КО Мрзенци.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.085-2106/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Христо И. Киров од Гевгелија за предвидување на градежна парцела за изградба на станбен објект е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-657/3 од 9.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2203/1 Претседател
21.07.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 161/6 и 161/10 КО Мрзенци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 161/6 и 161/10 КО Мрзенци.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.085-2106/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Христо И. Киров од Гевгелија за предвидување на градежна парцела за изградба на станбен објект е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-607/3 од 9.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2202/1
21.07.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2801/3 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 2801/3 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.080-0906/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Кристијан Костовски од Гевгелија за изградба на станбен објект е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-519/3 од 15.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2201/1
21.07.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 18 став 1 и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно задолжување на општина Гевгелија кај Австриската контролна банка од Виена, со кредит за изградба на Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанската зона "Блокотехна", Технолошко индустриско развојната зона "Прдејци" и на одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува долгорочно задолжување на општина Гевгелија кај Австриската контролна банка од Виена, со кредит во износ од 1.500.000 евра (во натамошниот текст: кредитот) за изградба на Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанската зона "Блокотехна", Технолошко индустриско развојната зона "Прдејци" и на одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица.

Општина Гевгелија најдоцна до склучувањето на договорот за кредит ќе изврши уплата на 20.000 евра на Австриската контролна банка. Австриската контролна банка најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит со општина Гевгелија ќе изврши уплата на 60.000 евра на општина Гевгелија наменети за поготвителни работи за изградба на Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанската зона "Блокотехна", Технолошко индустриско развојната зона "Прдејци"" и на одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица.

Средствата од ставот 3 на оваа Одлука се од износот на главнината на кредитот.

Доколку Министерството за финансии на Република Австрија не го одобри кредитот, Австриската контролна банка од Виена должна е да врати 20.000 евра на општина Гевгелија најдоцна во рок од 30 дена од денот на нивната уплата.

**Член 2**

Кредитот е бескаматен со грант од 15% од износот на главнината.

Рокот на отплата на кредитот е 10 години од денот на издавањето на употребанта дозвола на сите изградени објекти - за Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанска зона "Блокотехна", Технолошко индустриско развојна зона Прдејци " и на одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица.

Кредитот ќе се отплаќа на начин утврден со доворот за кредит што општина Гевгелија ќе го склучи со Австриската контролна банка.

50% од главнината на кредитот се наменети за градежни работи и набавка на градежни материјали, а 50% за набавка на опрема и материјали под условите во огласот за јавни набавки.

Најдоцна во рок од 10 дена од склучувањето на договорот за кредит, Австриската контролна банка на сметка на општина Гевгелија ќе префрли 20% од главнината на кредитот, а останатите 30% на сметка на општина Гевгелија ќе ги префрла сукцесивно, но не подоцна од 10 дена од доставувањето на секоја конечна ситуација за извршени работи од изведувачот.

100% од секоја набавка на опрема и материјали на сметка на добавувачот ќе уплаќа Австриската контролна банка.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на општина Гевгелија да го склучи договорот за долгорочно задолжување на општина Гевгелија со Австриска контролна банка од Виена, Република Австрија според условите утврдени во оваа Одлука.

**Член 4**

Јавните набавки на градежните работи и материјали за изградба на Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанската зона "Блокотехна", Технолошко индустриско развојната зона "Прдејци" и на одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица во висина на износот на главнината до 1.500.000 евра ќе се вршат во согласност со Законот за јавни набавки .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за финансии и Владата на Република Македонија.

Бр.07-2205/1<br>21.07.2010 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 131а став 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 год., донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за организирање и одржување на форумите на заедницата во општина Гевгелија

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува свикувањето, начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за оржувањето на форумите на

заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на општина Гевгелија.

**Член 2**

Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата, што финансиски ќе бидат поддржани од општината или заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да пооддржи форумската програма и општински проекти.

**Член 3**

Форумот на заедницата е воден од страна на независен и надворешен модератор. Во работата на модераторот му помага комодератор.

Форумот се одржува во најмалку 5 (пет) сесии од кои на последната сесија се одлучува за форумските прашања и теми.

Учесниците на форумот се структуирани по работни маси според нивните социјални и економски интереси.

Заради поефикасно и подобро организирање на форумот се формираат работни групи и оперативна група, кои се дефинираат со овој Правилник.

Поблиските одредби за начинот на организирањето и спроведувањето на форумските сесии се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

**Член 4**

Постапката за организирање и реализација на форумите е поделена на три фази и тоа:

-Подготвителна фаза;

-Форумска фаза; и

-Реализација на заклучоците донесени на форумите.

Поблиските одредби за фазите на форумите се регулираат со Деловниот за работа на форумите на заедницата.

**Член 5**

Во согласност со темите кои се расправаат, Форумите можат да бидат од следните видови:

-Проектен форум

-Тематски форум

-Меѓуопштински форум, и

-Буџетски форум

**Член 6**

**Проектен форум**

Проектен форум се организира кога сака да се дефинираат приоритетите помеѓу неколку теми и проекти кои се неопходни да се решат во општината и заедницата. На првата форумска сесија граѓаните одлучуваат која од темите и проектите им е најважна. Избраната тема и проект детално се разработува на следните сесии на форумот.

**Член 7**

**Тематски форум**

Тематските форуми се насочени кон веќе одредена тема во која е содржан специфичен и актуелен проблем во општината. Во овој тип на форум се формираат работни маси само за групите кои се засегнати од тематскиот проблем.

**Член 8**

**Меѓуопштински форум**

Меѓуопштинскиот форум се организира кога две или повеќе општини кои имаат исти или слична тема на расправа, а со методата на меѓуопштинска соработка возможно е побргу, поекономично и поефикасно да се реализираат заклучоците од форумот.

**Член 9**

**Буџетски форум**

Во Буџетскиот форум тема на расправа е Буџетот на општината за наредната година. Работните маси се структуирани според страните кои се засегнати од Буџетот на општината или според надлежностите на општината и финансирањето на истите.

**Член 10**

**Учесници н форумот**

На форумот треба да присуствуваат што е можно поголем број учесници, но не помалку од 60 лица.

Во работата на форумите треба да се почитуваат неколку принципи при изборот на учесниците и тоа:

-Територијалниот принцип;

-Родова застапеност;

-Етничка застапеност; и

-Социо-економска застапеност.

**Член 11**

**Финансирање на форумот**

Форумскиот процес по правило се финансира од страна на општината. Општината треба во Буџетот да предвиде доволно средства за ваквите активности кои спаѓаат во категоријата на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општината.

Форумскиот процес може да се финансира и од заинтересирани физички и правни лица кои се подготвени да бидат донатори на општината.

## II.НАЧИН НА СВИКУВАЊЕ НА ФОРУМОТ

**Член 12**

Првата сесија на Форумот ја свикува Градоначалникот на општината со јавен повик до сите граѓани на општината, невладини организаци, заинтересирани партнери за реализација на проекти и сите други заинтересирани субјекти (правни и физички лица), да присуствуваат и рамноправно да учествуваат во неговата работа.

Јавниот повик содржи точен термин и место на одржување на форумот, основни насоки и теми за текот на првата сесија на форумот, како и за видот на форумот.

**Член 13**

Претставник на општината, како организатор на форумот, на почетокот накусо ги информира учесниците на форумот за текот на форумот во целина, за содржината на одделните сесии на форумот, а структурирањето на форумот, за правата и обврските на учесниците на форумот, за начинот на предлагањето и изборот на темите на форумот, за начинот на гласање, за критериумите и начинот на изборот на проектот и друго.

**Член 14**

По завршувањето на воведниот дел претставниците на администрацијата на општината ги изнесуваат темите, пробелмите и проектите за кои треба да се дебатира на форумот, за кои треба да се изјаснат учесниците, односно да извршат избор на теми за кои понатаму ќе се дискутира во рамките на форумот.

## III.МОДЕРАТОР И КОМОДЕРАТОР

**Член 15**

Со работата на форумот раководи модератор, што го избира организаторот на форумот врз основа на јавен повик, како неутрално лице кое не е жител на општината, ги насочува дискусиите кон темите, проблемите, решенијата, различните комцепти и проекти, како и го следи процесот на гласањето и изборот на решенијата, односно проектите.

Форумот има комодератор кој го избира модераторот на форумот во консултации со организаторот на форумот.

Поблиските одредби за правата и обврските на модераторот и комодераторот се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## IV.РАБОТНИ МАСИ

**Член 16**

На форумот се формираат најмногу 10 (десет) работни маси за расправа и избор на темата.

Работните маси се составени од по 3 (три) до 8 (осум) учесници, согласно со пројавениот интерес и водејќи сметка за тоа работните маси да ги изразуваат специфичните социо-економски интереси и потреби на заедницата, како и водејќи сметка за интересот, стручноста и компетентноста на поединците и за сразмерната родова, етничка и територијална застапеност.

**Член 17**

На работни маси, со учество на модераторот, се распоредуваат граѓаните, претставниците на бизнис заедницата, невладините организации и други заинтересирани организации, за расправа по прашања од повеќе области определени со Законот за локалната самоуправа (локален економски развој, урбанизам, комунални работи, култура, здравство и социјална заштита, образование, спорт, противпожарна заштита и заштита и спасување итн.)

**Член 18**

Посебни работни маси се организираат за:

-администрацијата на општината, и

-работна маса на оперативната група

Работните маси во изборот на темата по правилно одлучуваат по пат на консензус.

Поблиските одредби за начинот на работа на работните маси и нивните права и обврски се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## V.РАБОТНИ ГРУПИ

### Член 19

Во временскиот период помеѓу две форумски сесии од учесниците на работните маси се формираат работните групи што имаат задача да ги формулираат предлог решен ијата, односно проектите, што произлегле од расправата на работните маси, при што имаат право да даваат предлози и препораки до форумот, а кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на животот во општината во целина.

Предлозите и препораките од работните групи, форумот ги одобрува и ги предлага на општината.

Општината е должна во работата и одлучувањето на форумот во целина и во работата на работните групи да обезбеди соодветна родова, етничка и територијална и социо-економска застапеност на заедниците.

Поблиските одредби за начинот на работа, правата и обврските н работните групи се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VI.ОПЕРАТИВНА ГРУПА

### Член 20

За целосна стручно-техничка поддршка на форумот се формира оперативна група.

Оперативната група која работи под раководство на модераторот и комодераторот е оперативно, а не раководно тело на форумот и е составена од:

-модераторот и комодераторот,

-два претставника на општината;

-едно лице за односи со јавноста;

-претставници на клучните засегнати страни; и

-едно лице задолжено за водење записници од сите состаноци.

Членовите на оперативната група учествуваат во работата н работните групи и им помагаат во работата.

Поблиските одредби за правата и обврските на оперативната група се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VII.ОДЛУЧУВАЊЕ

### Член 21

Резултатите од форумите се Одлуки и Препораки кои се однесуваат на прашањата кои се предмет на дискусија во рамки на форумите.

Одлуките и препораките треба да придонесуваат кон решавање на предметот на дискусија во рамките на форумот.

Усвоените Одлуки и Препораки од страна на форумот на заедницата се поднесуваат до органите на општината.

### Член 22

Одлучувањето на Форумот се врши по пат на гласање по работни маси, при што треба да се постигне консензус на сите членови на работната маса.

Право на глас во рамките на работните маси имаат членовите кои присуствувале на најмалку 3 форумски сесии.

Работните маси имаат еднакво право на глас во вкупното одлучување на форумот, кое се врши на петата сесија на форумот.

Во зависност од видот на форумот, одлуките донесени на форумот можат да бидат советодавни или задолжителни за органите на општината.

Поблиските одредби за начинот на одлучување и задолжителноста на одлуките донесени на форумот се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Заради информирање на граѓаните, општината е должна на соодветен начин да ги информира за целокупниот тек на форумот и за активностите кои се преземаат за реализација на усвоените проекти.

**Член 24**

Во рок од 3 (три) месеци од денот на службената примена на овој Правилник, Градоначалникот на општината носи Деловник за работа на форумот на заедницата во кој подетално се опишува целокупниот процес на форумот.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2206/1 Претседател
21.07.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 год.), член 1 и 9 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.), член 5 од Законот за гробишта и погребални услуги ("Службен весник на РМ"бр.86/08 год.) и член 38 став 1 точка 27 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 21.07.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за основање на јавно претпријатие за погребални услуги "Вечен дом " Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува основање на јавно претпријатие од страна на општина Гевгелија за организирано и квалитетно вршење на погребални и придружни услуги во општина Гевгелија.

**Член 2**

Јавното претпријатие ќе работи под фирма: Јавно претпријатие за погребални услуги "Вечен дом" - Гевгелија.

Скратениот назив на фирмата гласи: ЈП "Вечен дом" - Гевгелија.

Седиштето на јавното претпријатие е во градот Гевгелија на ул."Мечкин камен" - Гевгелија.

**Член 3**

Јавното претпријатие е во сопственост на општина Гевгелија.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

За преземените обврски во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие одговара со целиот свој имот.

**Член 5**

Дејноста на Јавното претпријатие е вршење на погребални и придружни активности односно слични услуги, како комунална дејност од јавен интерес и тоа:

96 Други лични услужни дејности
96.0 Други лични услужни дејности
96.03 Погребни и слични услуги

**Член 6**

Средства за основање и почеток со работа на Јавното претпријатие ќе се обезбедат од општина Гевгелиј и тоа:

-финансиски средства од Буџетот на општината

-објекти и опрема: Капела, сопственост на општината и превозно средство и други средства и опрема за погребални намени од ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, основано од општината.

**Член 7**

Средства за работа и развој Јавното претпријатие ќе обезбедува од цената на услугата како и од други извори на приходи согласно законот.

**Член 8**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење (во натамошниот текст:надзорен одбор) и директор.

**Член 9**

Управнито одбор брои 5 члена.

Во Управнито одбор основачот-општината именува и разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручни лица во областа на предметот на работењето на јавното пртпријатие.

**Член 10**

За вршење контрола на материјално финансиското работење се формира Надзорен одбор од 5 члена.

Членовите на надзорниот одбор ги именува и разрешува основачот-општината.

За членови на надзорниот одбор се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаење и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

**Член 11**

Со Јавното претпријаатие раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на општината.

**Член 12**

Конституирањето на органите на Јавното претпријатие ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 13**

Управниот одбор во рок од 30 дена од неговото конституирање ќе го донесе Статутот на Јавното претпријатие на кое соглсност дава Советот на општината, а другите акти во рок од 60 дена од денот на почетокот на примената на статутот.

**Член 14**

За вршење на работите на конституирање на Јавното претпријатие како и преземање на други активности за почеток со работа на Јавното претпријатие до изборот на директор по пат на јавен конкурс и запишување во Централниот регистар се овластува да ги врши Венчо Атанасов од Гевгелија.

**Член 15**

За вршење на погребалните услуги во Јавното претпријатие ќе се преземаат вработените од ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија, кои ги вршат погребалните работи, а ќе се распоредат согласно актот за организација и систематизација на работните места што ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на примената на Статутот на јавното претпријатие.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2204/1
21.07.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3869 КО Гевгелија ........ 332
2.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5511/1 КО Гевгелија ........ 332
3.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 161/10 и 161/6 КО Мрзенци ........ 333
4.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 161/6 и 161/10 КО Мрзенци ........ 334
5.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2801/3 КО Гевгелија ........ 334
6.Одлука за долгорочно задолжување на општина Гевгелија кај Австриската контролна банка од Виена со кредит за изградба на Пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци, стопанската зона "Блокотехна" и Технолошко индустриско развојна зона "Прдејци" и одводниот цевковод од населеното место Прдејци до Пречистителната станица ........ 335
7.Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во општина Гевгелија ........ 336

8.Одлука за основање на Јавно претпријатие за погребални услуги "Вечен дом" Гевгелија ........................................................................................................ 341

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 146 од Законот за заштита и спасување ( "Службен весник на РМ " 36/04, 49/04, и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 20.08.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода -обилни врнежи од дожд и снег, што ја зафати општина Гевгелија на 21.03.2009 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат средствата за помош на граѓаните за штетите од прирдната непогода-обилни врнежи од дожд и снег, што ја зафати општина Гевгелија на 21.03.2009 година, износот и начинот на распределбата на средствата.

**Член 2**

За помош на оштетените граѓани од природната непогода ќе се распределат средства во износ од 1.997.890,оо денари, средства од постојаната резерва (непредвидливи расходи) на Буџетот на Република Македонија за 2010 година.

**Член 3**

На оштетените граѓани ќе се доделат средства во износ од 5% од утврдената штета со Елаборатот усвоен од Советот на општина Гевгелија.

**Член 4**

За исплата на средствата на граѓаните Градоначалникот на општината ќе донесе решение.

Исплатата ќе ја изврши Одделението за финансиски прашања на Општинската администрација во општина Гевгелија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2375/1
20.08.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

---

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04 и 86/08 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 20.08.2010 година, по расправата по Предлог-Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-невреме проследено со појава на град што ја зафати општина Гевгелија на 02.07.2010 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-невреме проследено со појава на град што ја зафати општина Гевгелија на 02.07.2010 година.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за статистика, за разгледување и преземање на потребните активности и мерки согласно законските прописи.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2376/1
20.08.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за распределба на средства-помош на оштетените граѓани од природна непогода - обилни врнежи од дожд и снег, што ја зафати општина Гевгелија на 21.03.2009 година ........................................................................... 345

2.Заклучок по Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода - невреме проследено со појава на град што ја зафати општина Гевгелија на 2.07.2010 година ............................................................................................ 345

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр.2047 КО Богородица**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2047 КО Богородица.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.095-2707/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Тодор Папучиев од Богородица за изградба на станбен објект е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-789/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2431/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр.2102 и дел од КП бр. 2110/1 и дел од КП бр.2099 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2102 и дел од КП бр. 2110/1 и дел од КП бр.2099 КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.099-1008/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Димитар Дупаров од Гевгелија за предвидување градежна парцела (ГП 1) со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и Г4 Стоваришта е одобрена од

Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-810/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2432/1<br>30.08.2010 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2099 и дел од КП бр. 2110/1 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2099 и дел од КП бр. 2110/1 и КО Гевгелија

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.098-1008/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Димитар Дупаров од Гевгелија за предвидување градежна парцела (ГП 1) со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и Г4 Стоваришта е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-834/2 од 25.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2433/1<br>30.08.2010 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.3997 и КП бр.4000 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3997 и КП бр.4000 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.071-2505/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорот Петар Попов од Гевгелија за доградба на магацински простор, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-476/3 од 7.07.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2434/1
30.08.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.5861 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 5861 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2569/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Трајанка Стефанова од Гевгелија за изградба на станбен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-809/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2435/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.6553 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 6553 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2569/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Трајанка Стефанова од Гевгелија за изградба на станбен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-808/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2436/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр.2179/1 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2179/1 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2566/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Елена Кангова од Гевгелија за изградба на деловен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-806/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2437/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр.156/8 КО Мрзенци**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 156/8 КО Мрзенци.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2567/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инжењеринг" дооел Кавадарци за инвеститорот Васил Јотевски од Мрзенци за изградба на станбен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-807/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2438/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр.2241/2 УБ 10 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2241/2 УБ 10 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.1149/2010 изработена од ДП "Визура" дооел Струмица за инвеститорот ДТУ "Хаддадин" дооел Гевгелија за изградба на деловен објект, е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-690/2 од 23.08.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2439/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членовите во Управниот одбор на**
**Јавното претпријатие за погребални услуги "Вечен дом" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на Јавното претпријатие за погребални услуги"Вечен дом" Гевгелија, се именуваат пет члена и тоа:

-Коле Полизоев од Гевгелија, Средно образование

-Анета Стојановска од Гевгелија, Правен факултет

-Анѓел Узунов од Негорци, Виша туристичка

-Ристо Ников од Гевгелија, Медицински факултет

-Митко Смилков од Гевгелија, Машински факултет

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2429/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за погребални услуги"Вечен дом" Гевгелија**

1.Во Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за погребални услуги "Вечен дом" Гевгелија се именуваат пет члена и тоа:

-Снежана Чавдарова од Гевгелија, Више економска

-Зоран Трајановски од Негорци, Правен факултет

-Атанас Тасевски од Гевгелија, Економски факултет

-Кита Боева од Гевгелија, Више образование

-Томче Кичуков од Гевгелија, Економски факултет

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2430/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 6 точка 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04,28/06 и 103/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За давање на согласност на Одлуката за покачување на цената за вода за пиење и цена за фекална канализација**

1.Се дава согланост на Одлуката за покачување на цената за вода за пиење и цена за фекална канализација, број 05-113/10 од 19.07.2010 година, усвоена од Управниот одбор на ЈПВК"Миравци" од Миравци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2428/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За давање согласност на Финансов извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 31.03.2010 година**

1.Се дава согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 31.03.2010 гоина, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со заклучок бр.05/111/2 од 17.06.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2426/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 81/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За давање согласност на Финансов извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 30.06.2010 година**

1.Се дава согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 30.06.2010 гоина, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со заклучок бр.05/128/2010 од 14.08.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2427/1 Претседател
30.08.2010 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

# С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2047 КО Богородица ........................................ 347

2.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2102 и дел од КП бр. 2110/1 и дел од КП бр.2099 КО Гевгелија ............ 347

3.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2099 и дел од КП бр. 2110/1 КО Гевгелија ........................................ 348

4.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.3997 и КП бр.4000 КО Гевгелија ........................................ 349

5.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.5861 КО Гевгелија ........................................ 349

6.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.6553 КО Гевгелија ........................................ 350

7.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2179/1 КО Гевгелија ........................................ 351

8.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.156/8 КО Мрзенци ........................................ 351

9.Одлука за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр.2241/2 УБ 10 КО Гевгелија ........................................ 352

10.Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈП за погребални услуги "Вечен дом" Гевгелија ........................................ 352

11.Решение за именување членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за погребални услуги "Вечен дом" Гевгелија ........................................ 353

12.Решение за давање согласност на Одлуката за покачување на цената за вода за пиење и цена за фекална канализација на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци ........................................ 353

13.Решение за давање согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 31.03.2010 година ........................................ 354

14.Решение за давање согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" - Миравци за период од 01.01. до 30.06.2010 година ........................................ 354

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 6738/2 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 6738/2 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.097-1008/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорите Јован Беќаров и Петар Беќаров од Гевгелија за изградба на објект со намена А1-семејно домување во куќа е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-810/2 од 14.09.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2699/1
30.09.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 1126/6 КОБогородица**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 1126/6 КО Богородица.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.03-205/2010 изработена од "Нимаер" Скопје за инвеститорите ДПТУ"Еуропорта" Доо Богородица за изградба на објект со намена -Г2 - лесна и незагадувачка

индустрија е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-703/3 од 22.09.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2700/1 Претседател
30.09.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
### за усвојување на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 2393 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 2393 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.196/10 изработена од ДПУП "Билд" ДООЕЛ Скопје за инвеститорот Марица Аврамчева-Зафирова од Гевгелија за изградба на објект со намена А1-семејно домување во куќа е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-885/2 од 14.09.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2698/1 Претседател
30.09.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 2251/6 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 2251/6 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.2579/2010 изработена од ДПТУ "Дизајн центар инженеринг" Дооел Кавадарци за инвеститорите Петар Попов од Гевгелија за изградба на објект со намена А1-семејно домување во куќа е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-945/2 од 21.09.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2697/1 Претседател
30.09.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 и 91/09год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/2010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Локална урбанистичка планска документација**
**за КП бр. 3232/1 и 3232/2 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлдука се усвојува Локална урбанистичка планска документација за за КП бр. 3232/1 и 3232/2 КО Гевгелија.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација со тех.бр.094-2007/2010 изработена од ДПГИ "Вектор 90" Дооел Струмица за инвеститорите Атанас Петров и Билјана Пенова од Гевгелија за изградба-доградба на постоечки станбен објект на ул."Сава Михајлов" во Гевгелија е одобрена од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.09-891/3 од 22.09.09.2010 година.

**Член 3**

Локалната урбанистичка планска документација се применува по усвојувањето и нејзиното картирање на хамер.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2702/1
30.09.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2009/2010 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2009/2010 година предложен со Одлука бр.02-495/1 од 9.07.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2683/1
30.09.2010год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2010/2011 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за учебната 2010/2011 година предложена со Одлука бр.02-501/1 од 31.08.2010 година од Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2684/1
30.09.2010год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Крсте Мисирков " Гевгелија за учебната 2009/2010 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2009/2010 година предложен со Одлука бр.03-319/3 од 19.07.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2685/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2010/2011 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за учебната 2010/2011 година предложена со Одлука бр.02-464 од 6.09.2010 година усвоена од Управниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2686/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2009/2010 година**

1.Се усвојува Годишен извештај за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2009/2010 година предложен со Одлука бр.02-88/2 од 9.09.2010 година на Училишниот одбор на основното музичко училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2691/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2010/2011 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2010/2011 година предложена со Одлука бр.02-89/2 од 9.09.2010 година на Училишниот одбор на основното музичкко училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2692/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2009/2010 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2009/2010 година предложен со Одлука бр.02-252/4 од 8.07.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2689/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2010/2011 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за учебната 2010/2011 година предложена со Одлука бр.02-291/2 од 31.08.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2690/1 Претседател
30.09.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08 и 33/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Климент Охридски" Миравци за учебната 2009/2010 година**

| 68. | Alakleks kabel 4h16mm | m | 500 |
| 69. | Iwektor za natr. sijalica 250 W | br. | 30 |
| 70. | Metal halogen reflektor 400 W | br. | 10 |
| 71. | Upaqa~ za metal halogena sijalic 250- | br. | 10 |
| 72. | Fasonki za reflektor so metal | br. | 10 |
| 73. | Izolirban | br. | 50 |
| 74. | Kabel RR-u-2h1,5mm2 | m | 100 |
| 75. | Kabel ~evli za {traf 35mm | br. | 60 |
| 76. | Kabel ~evli za {traf 25mm | br. | 60 |
| 77. | Telefonski kabel | m | 100 |
| 78. | Nabavka na kabel RROO - 4h16mm2 | m | 200 |
| 79. | Nabavka na kabel RROO - 4h10mm2 | m | 200 |
| 80. | Suva kablovska zavr{nica za presek na | br. | 40 |
| 81. | Nabavka na zatega~i za X00/6 | br. | 100 |
| 82. | Nabavka na prenosni gajki | br. | 200 |
| 83. | Nabavka na obra~ za drven stolb | br. | 20 |
| 84. | Lira za armature 250w | br. | 30 |
| 85. | Nabavka na reflektor tip: | br. | 5 |
| 86. | Silikonska `ica 2,5mm | m | 100 |
| 87. | Svetilki 125W | br. | 20 |
| 88. | Za{titni topki UL - 500 | br. | 20 |
| 89. | Armaturi 125W UL - komplet | br. | 10 |
| 90. | Starteri 40W | br. | 30 |
| 91. | Kombinirani Al-Cu spojnici 6-35mm | br. | 100 |
| 92. | Za{titni topki F - 400 | br. | 40 |
| 93. | Senila za vandermi | br. | 30 |
| 94. | Za{titna guma za vandermi | br. | 30 |
| 95. | Podno`je za UL armatura | br. | 10 |
| 96. | Redna luster klema 12/2,5-4 | br. | 150 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 97. | Redna luster klema 12/4-6 | br. | 150 |
| 98. | Nabavka na solarni trepka~i | br. | 4 |
| 99. | Kombinirani Al-Cu spojnici 6-35mm | br. | 50 |
| 100. | Elementi za baterija | br. | 5 |
| 101. | Podno`je VL | br. | 10 |
| 102. | Za{titen kapak za kandelabri | br. | 10 |
| 103. | Nabavka, na tabli~ka so 4 priklu~ni | br. | 10 |
| 104. | Plafonski sijalici 220w | br. | 30 |
| 105. | Plafonski sijalici 12w | br. | 30 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

**III.Електрична енергија за јавно осветлување**

Потрошувачката на електрична енергија во 2010 година, изнесува 147.395 кWh во просек месечно односно за цела година 1.768.740 кWh.

Според податоците од Подружницата на EVN-Гевгелија вкупниот број на корисници по електрични броила ( на кои им се фактурира и комунална такса за улично осветлување) изнесува:

- домаќинства 9033 , за кои комуналната такса изнесува 112.00 денари;
- правни субјекти 1198, за кои комуналната такса изнесува, 224.00денари.

**IV.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година од Програмата Ј3 и тоа:

- за потрошена електрична енергија 7.700.000,00 денари;
- за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 5.000.000,00 денари; и
- други оперативни расходи 100.000,00 денари.

Вкупно средства за реализација 12.800.000,00 денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

**V.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3498/1 Претседател
29.12.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08,64/09 и 88/10 год.), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината го врши ЈПКД „Комуналец'' Гевгелија и ЈП за водовод и комуналии „Миравци''.

## II. ВИД ОБЕМ ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот - шеталиштето, паркиралиштата и на "Булевар Гевгелија" од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во периодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места за кои е донесена урбанистичка документација, на јавната површина во центарот на населбата и влезната улица, јавната чистота ќе се одржува еднаш неделно, а во другите делови еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота во центарот на локалитетот ќе се одржува секој ден од 16. 04. до 30. 09 (во сезона), а еднаш месечно од 1.10. до 15.04. (вон сезона).Во другите делови од локалитетот јавната чистота ќе се одржува еднаш месечно.

Одржување на јавната чистота со миење на улиците ќе се врши секој ден во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како и влезните улици и центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини ( парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба.

## III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се поставаат садови-корпи за фрлање на отпадоци и изградат јавни санитарни јазли

Во 2011 година ќе се набават 100 корпи за отпадоци, од кои 30 се планираат за замена на оштетени кои се веќе поставени, а останатите ќе се поставаат пред зградите за колективно домување во Гевгелија и во населените места.

Со Програмата се планира да се изгради јавен санитарен јазол крај Градскиот стадион во Гевгелија .

**IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, и истите изнесуваат 4.300.000,оо денари, и тоа:

1.Метење на улици ------------------------------------------------------------- 1.500.000,00 ден.
2.Миење на улици -------------------------------------------------------------1.100.000,00 ден.
3.Изградба на јавни санитарни јазли -------------------------------- 1.000.000,00 ден.
4.Набавка и поставување на садови за фрлање на
отпадоци и друга опрема ------------------------------------------------------ 700.000,00 ден.
**Вкупно: 4.300.000,00 ден.**

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени во точка 1 и 2 ќе се обезбедат од Програма Ј4, а средствата за набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и изградба на јавен санитарен јазол ќе се обезбедат од Програма ЈК0-јавна чистота (капитални расходи).

**V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2011 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија''.

Бр.07-3499/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за подршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2011 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма е подршка на културните и други активности организирани од Месните заедници во населените места.

Одржувањето на културните и други активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините во кои живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2011 година Општината ќе ги подржи следните активности на Месните заедници:

| | Предлагач | Активност | Средства од буџетот на општина Гевгелија 2011год. |
|---|---|---|---|
| 1. | Богородица | Фолклорна вечер по повод панаѓур | 20.000 |
| 2. | Давидиво | Слава на манастирот Св.Илија Панаѓур на 21.09.2011 година | 20.000 |
| 3. | Серменин | Панаѓур по повод Илинден и Митровден | 20.000 |
| 4. | Хума | Планинарски марш<br>Панаѓур по повод Св.Пантелејмон<br>Влашка вечер<br>Коледе | 25.000 |
| 5. | Конско | Прослава на Илинден и Митровден | 20.000 |
| 6. | Ново Конско | Панаѓур по повод Митровден | 15.000 |
| 7. | Габрово | Панаѓур по повод Митровден | 15.000 |
| 8. | Прдејци | Фолклорна вечер и спортски активности по повод панаѓур | 20.000 |
| 9. | Смоквица | Фолклорна вечер по повод панаѓур Смоквичка вечер и ручек по повод Ѓурговден,Митровден и Св.Атанас | 20.000 |
| 10. | Петрово | Панаѓур по повод празникот Св.Спас и прослава на Водици и Петров ден. | 25.000 |
| | **ВКУПНО** | | **200.000** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма Д1.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3504/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за подршка на НВО секторот во 2011 година
## за организирани активности

1.Цели

Основни цели на оваа Програмата за подршка на активностите на НВО секторот во 2011 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-давање подршка на проекти со кои ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

2.Активности

Во 2011 година општината ќе ги подржи следните активности и проекти на НВО секторот:

| | Предлагач | Активност | Вкупно средства од Буџетот за 2011 г. |
|---|---|---|---|
| 1. | Општински Одбор на СБМ-Гевгелија | Помен на Игор Ѓоревски<br>Загинување на Сава Михајлов<br>Полагање цвеќе на Споменикот на протераните евреи<br>Ден на излегување на првите партизани<br>Ден на победа над фашизмот<br>Формирање на партизанскиот одред Сава Михајлов<br>Загинување на Ванчо Прќе<br>Илинден<br>Ден на мирот<br>Загинување на Јосиф Јосифовски<br>70 години од почетокот на НОВ<br>Ослободување на Гевгелија<br>Посета на Спомен Шумата<br>Вториот напад на Конско | 90.000 |
| 2. | Здружениена глуви и наглуви | Дводневна планинарска средба на Кожув Планина | 30.000 |
| 3. | Здружение на слепи лица | Ден на лица со попреченост-Бел стап | 15.000 |
| 4. | Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост"ПОРАКА | Дружење во природа со спортски активности | 30.000 |
| 5. | Регионален центар за одржлив развој (Центар за поддршка на НВО) | -Обука:Граѓанско учество во работата на ЛС и процесот на донесување на одлуки<br>-Брошура:Општината поблиску до граѓаните<br>-Обука:Мониторинг на работата на ЛС<br>-Поставување на огласни табли | 100.000 |
| 6. | Здружение на пензионери- Гевгелија | Манифс."Пензионерите пеат"2011<br>Регионална ревија на песни<br>Регионалнии републички спортски натпревари<br>Одбелечување на:7-ми Ноември,20-ти Септември,1-ви Јануари и 8-ми Март | 100.000 |
| 7. | Поддршка | -Проект:Подобро е кога знам<br>-Проект:Еднакви можности за сите | 110.000<br>125.000 |
| | ВКУПНО | | 600.000 |

3.Финансирање

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, Програма Д-Градоначалник Потпрограма ДО.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3503/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ„ бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 г.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.12.2010 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2011 година

### 1.ВОВЕД

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и ги вознемируваат граѓаните.

Што се однесува до ерадикацијата, мора да се превземаат ригорозни мерки затоа што животните скитници кои ги има во општина Гевгелија се јавуваат во се поголем број и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

### 2.ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2011 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гвеглија.

### 3.АКТИВНОСТИ

Во 2011 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | Мерки и активности | Место и локација | Планирани Средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи и др. објекти<br>Дератизација на канализациона мрежа во општина Гевгелија<br>Дезинсекција против комарци со аерозапрашување на територијата на општина Гевгелија. | 1.000.000,оо |
| 2. | Ерадикација на животни скитници | во Гевгелија и во населените места | 300.000,оо |
| | **Вкупно денари : 1.300.000,оо** | | |

**4.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година-Програма Ј0 Подпрограма Ј80-други комунални услуги.

**5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-3502/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07,91/09 и 124/10 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2011 година

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

-домување
-комерцијални објекти
-јавни дејности
-индустрија и мало стопанство
-спорт и рекреација и
-планска изградба на комунални објекти

Преку донесените урбанистички планови Општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 9.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

## II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Измена и дополнување со ревизија на сообрашајно решение за ГУП на град Гевгелија

**1.1 Предвидување на комерцијални и деловни намени покрај поголемите сообраќајници:**

- Покрај влезната сообраќајница во градот
- Западно од железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Од двете страни на страни на стариот автопат
- Северно од "Булевар Гевгелија" во индустрискиот дел-Расадник
- Северно од "Нова индустриска 2"
- Северно од пат за Затвор
- Источно и западно од регионалниот пат за Негорци
- Северно од ул. "Слободан М. Данко"

**1.2. Проширување на опфатот** - северно од блок 15 и јужно од блок 9

**1.3. Во блок 8** предвидување намена на просторот исклучиво за спорт и рекреација со парковско зеленило

**1.4. Предвидување намена на просторот за колективно домување**

- Колективно домување - комерцијални згради
- Колективно домување - социјални згради (покрај Касарна)

**1.5. Зголемување на процентот на изграденост и висина до венец** - согласно новиот правилник за стандарди и нормативи

**1.6. Ревизија на сообраќајната мрежа** со можност за намалувањето на рангот на собирните улици

### 2. Ревизија и измена на донесени и изработка на нови ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови, согласно приложената скица

**2.1. Урбан блок 1**

- Поделен е на шест урбани единици (1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: ул. "Слободан М.Данко" и "Радован Ковачевиќ";
  Исток: "Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов";
  Југ: "Јужна собирна"
  Запад: дел од "Радован Ковачевиќ"; "Петар Мусев"
- Површина на опфат: 63ха

- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.1а. Измена и дополнување на детален урбанистички план за центарот на град Гевгелија -урбана единица 1.1** (планот е во фаза на изработка)

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 11,50 ха

Граници:

Исток: ул."Кирил и Методи" и "Гевгелиски Партизански одред"

Запад: ул."Борис Карпузов" и "Ѓорѓе Велков"

Север: ул."Скопска"

Југ: ул."Јосиф Јосифовски" и "Ристо Фаршинин"

-Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**2.2. Урбан блок 2**

- Поделен е на четири урбани единици (2.1; 2.2; 2.3; 2.4)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: дел од ул. "Слободан М.Данко";

  Исток: ул."Борис Кидрич",

  Југ: ул."Јужна собирна" и "Железничка";

  Запад: "Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов"
- Површина на опфат: 40,80ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, производство,дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.3. Урбан блок 3**

- Поделен е на три урбани единици (3.1; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: дел од ул. "Булевар Гевгелија";

  Исток: дел од ул."Борис Кидрич",

  Југ: ул."Слободан Митров Данко" и "Железничка";

  Запад: ул."Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов"
- Површина на опфат: 25,89ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.4. Урбан блок4**

- Поделен е на пет урбани единици (4.1; 4.2; 4.3; 4.4; 4.5)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: ул. "Булевар Гевгелија";

  Исток: дел од ул."7-ми Ноември" и дел од ул."Радован Ковачевиќ";,

  Југ: ул."Ристо Јанев"

  Запад: ул."Западна магистрална"
- Површина на опфат: 49ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.5. Урбан блок5**

- Поделен е на осум урбани единици (5.1; 5.2; 5.3; 5.4; 5.5; 5.6; 5.7; 5.8)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. " Ристо Јанев ";
  Исток: "Петар Мусев" и дел од ул."Радован Ковачевиќ";,
  Југ: дел од ул."Јужна собирна" и дел од "Моински пат"
  Запад: дел од ул."Западна магистрална"и дел од "Западна собирна"
- Површина на опфат: 50,5ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.5а. Изработка на детален урбанистички план за урбана единица 5.1** (планот е во постапка на постапување по приговари и изготвување Предлог план)

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 6,7 ха
Граници:
Исток: дел од ул."Западна собирна"
Запад: дел од ул. "Западна магистрална"
Север: дел од ул."Ристо Јанев"
Југ: дел од ул."Моински пат"
-Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.6. Урбан блок 6 ( Мрзенски рид)**

- Поделен е на две урбани единици (6.1; 6.2)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. " Новопредвидена ";
  Исток: " Новопредвидена"(покрај железничката пруга Скопје-Гевгелија)
  Југ: ул."Нова индустриска 2"
  Запад: дел од регионален пат за Негорци
- Површина на опфат: 66,30ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.7. Урбан блок 7**

- Поделен е на шест урбани единици (7.1;7.2; 7.3; 7.4; 7.5; 7.6)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: Пат за затвор
  Исток: дел од ул." 7-ми Ноември
  Југ: дел од ул."Булевар Гевгелија "
  Запад: дел од ул. "Западна магистрална"
- Површина на опфат: 44,90ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.7а. Изработка на детален урбанистички план за урбана единица 7.1** (планот е во постапка на постапување по приговари и изготвување Предлог план)

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 4,3 ха
Граници:

Исток: дел од ул. "Западна собирна"

Запад: дел од ул. "Западна магистрална"

Север: дел од ул. "Деко Ковачев"

Југ: дел од ул.,,Булевар Гевгелија,,

-Намена на просторот: домување, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.7б. Изработка на детален урбанистички план за урбана единица 7.2** (планот е во постапка на добивање мислење по Нацрт планот)

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 4.86 ха

Граници:

Исток: дел од ул. "Западна собирна"

Запад: дел од ул. "Западна магистрална"

Север: дел од ул. "Деко Ковачев"

Југ: дел од ул.,,Булевар Гевгелија,,

-Намена на просторот: домување, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.9. Урбан блок 9 ( Караорман)**

- Поделен е на четири урбани единици (9.1; 9.2; 9.3; 9.4)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: новопредвидена улица
  Исток: дел од ул." Западна магистрална"
  Југ: новопредвидена улица
  Запад: новопредвидена улица
- Површина на опфат: 48,60ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.10. Урбан блок 10 (Индустриска зона)**

- Поделен е на пет урбани единици (10.1; 10.2; 10.3; 10.4; 10.5)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. "Нова Индустриска 2"
  Исток: дел од ул." Нова Индустриска 3"
  Југ: дел од ул. "Булевар Гевгелија"
  Запад: ул. "7-ми Ноември" и регионален пат за Негорци
- Површина на опфат: 77,43ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.11. Урбан блок 11 (Индустриска зона)**

- Поделен е на три урбани единици (11.1; 11.2; 11.3)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: автопат Е75
  Исток: Регионален пат (влез во градот)
  Југ: Регионален пат (влез во градот
  Запад: железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Површина на опфат: 45,23ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, и сообраќај.

**2.12. Урбан блок 12 (Деленица - индустриска зона)**

- Поделен е на пет урбани единици (12.1; 12.2; 12.3; 12.4; 12.5)

- Граници на опфатот на блокот:
  Север: регионален пат (влез во градот)
  Исток: дел од автопат Е75 и Река Вардар
  Југ: дел од Сува Река
  Запад: железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Површина на опфат: 115,80ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.14. Урбан блок 14 (Ракита)**

- Поделен е на две урбани единици (14.1; 14.2)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: "Моински пат"
  Исток: дел од ул."Западна собирна"
  Југ: ул."Јужна собирна"
  Запад: новопредвидена улица
- Површина на опфат: 21ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.15. Урбан блок 15**

- Поделен е на три урбани единици (15.1; 15.2; 15.3)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: новопредвидена улица
  Исток: дел од ул."Западна магистрална" и новопредвидена улица
  Југ: дел од "Моински пат" и новопредвидена улица
  Запад: излетничко место- Динќут
- Површина на опфат: 21,40ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.16. Урбан блок 16**

- Поделен е на четири урбани единици (16.1; 16.2; 16.3; 16.4)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: новопредвидена улица
  Исток: регионален пат за Негорци
  Југ: пат за затвор
  Запад: новопредвидена улица
- Површина на опфат: 51,36ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот: комерцијални дејности, производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

## 3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

### 3.1.Урбанистички план за дел од село Миравци

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 130 ха (според ГУП)

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.2.Урбанистички план за село Моин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.3.Урбанистички план за село Ново Конско**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, викенд куќи, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.4.Урбанистички план за село Смоквица**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.5.Урбанистички план за село Давидово**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.6.Урбанистички план за село Хума**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.7.Урбанистички план за село Конско**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 10 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.8.Урбанистички план за село Серменин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.9.Урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива Вода**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 50 ха

-Намена на просторот: викенд куќи, хотели, угостителски објекти, јавни содржини, рекреација и спорт, услужни содржини, комунални објекти и др.

**3.10. Урбанистички план за село Прдејци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 72 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.11. Урбанистички план за село Негорци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 160 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.12. Урбанистички план за село Богородица**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 100 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.13. Урбанистички план за село Мрзенци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 65 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

Забелешка: За населените места Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Хума, Конско и Серменин предвидената површина за урбанизација се однесува на просторот за центар на населбата и непосредната негова околина.

## 4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

**4.1.Урбанистички план вон населено место западно покрај автопат Е 75 Прдејци-Смоквица**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20,00 ха

-Намена на просторот: Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.2.Урбанистички план вон населено место покрај Автопат Е 75 од "Мотел Вардар" до граничен премин Богородица** (планот е во постапка)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 130ха

-Намена на просторот: хотелско угостителски објекти, трговски објекти, хортикултурно уредување, спорт и рекреација, комунални објекти и др.

**4.3.Урбанистички план вон населено место спроти комплексот Негорски Бањи** (планот е во постапка)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 30,0 ха

-Намена на просторот: хотелско угостителски објекти, здравно - туристички и објекти за банско лекување, објекти за рекреација и спорт, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.4.Урбанистички план вон населено место Мрзенци Прдејци (покрај автопат)**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 30,0 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

**4.5.Урбанистички план вон населено место од Динќут до Живинарска фарма**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30,00 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.6.Урбанистички план за подрачје вон населено место Мрзенци -Негорци**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: хотелски комплексти, придружни објекти, услужни, комунални, хортикултурно уредување и др.

**4.7. Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 21,0 ха

-Намена на просторот: здравно-туристички комплекс со болница, хотелско-угостителски објекти, спортско-рекреативен комплекс, хортикултурно и парковско уредување, комунални објекти и др.

**4.8. Урбанистички план вон населено место во обласа "Сарандар"**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 50,0 ха

-Намена на просторот: голф терени со придружни објекти, комунални објекти и др.

**4.9. Урбанистички план вон населено место за Психијатриска болница - Негорци**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 21,0 ха

-Намена на просторот: здравствен комплекс, парковско зеленило, спорт и рекреација и сообраќајна и комунална инфраструктура.

**4.10. Урбанистички план вон населено место во Прдејци**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20 ха

-Намена на просторот: изградба на стопански комплекс откупен центар-Агроберза.

## 5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**5.1 Локална урбанистичка планска документација за Технолошка индустриска развојна зона кај Прдејци**

-Површина на опфат 60,0 ха

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, стоваришта, магацини, услужни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**5.2. Локална урбанистичка планска документација вон населено место во Ново Конско**

-Површина на опфат 2,0 ха

-Намена на просторот: спорт, рекреација со сместувачки капацитети и др.

**5.3. Локална урбанистичка планска документација вон населено место во Прдејци ( живинарска фарма)**

-Површина на опфат 12,0 ха

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, магацини, хортикултурно уредување, комунални објекти

**5.4. Локална урбанистичка планска документација за потрбите на општина Гевгелија за изградба на инфраструктурни градби и водови** (согласно член 50а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање)

**5.5.Локална урбанистичка планска документација за потрбите на граѓаните и правните лица** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела. (согласно член 50а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање)

## 6. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ

Општините, односно општина Гевгелија согласно член член 79 став 1 и 2 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09 и 124/10 год.), донесуваат програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се поставaт времени објекти, кој треба да е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за кој е донесена урбанистичко планска документација.

Програмата се донесува од страна на Советот на општината, по добиената согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

По одобрување на програмата од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, на предлог на општината, спроведува постапки за доделување под краткотраен закуп на градежно земјиште опфатено со програмата, согласно со Законот за градежно земјиште.

6.1.Изработка на програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се поставaт времени објекти, во градот Гевгелија.

6.2.Изработка на програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се поставaт времени објекти, во населените места во општина Гевгелија.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

**III.**Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3496/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана 29.12.2010 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2011 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија

### II.ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, како и со одредени домашни и странски донации.

### III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред бр. | I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата | 1.300 000,00 |
|---|---|---|
| 1. | Реставрација на фасада на Градска библиотека во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на источен изглед на комплексот Стара чаршија во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 4. | реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |

| Ред. бр. | II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија | 500 000,00 |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на проект за објект со санација на оџакот на поранешната фабрика "Филатура" во Гевгелија | 80.000,00 |
| 2. | Изработка на бисти на: Др. Александар Сингер, Илија Џаџев и Леонид Јанков | 300.000,00 |
| 3. | Поставување на уметнички дела на видни локации во градот | 120.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **1.800 000,00** |

За активностите од областа на одржување и заштита на споменици на културата и други објекти, кои и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

### IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3497/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на општина Гевгелијав" бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**ПРОГРАМА**
за активностите на општина Гевгелија во областа на
Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2011 годиnа

1. **Развојни приоритети**

Општина Гевгелија во 2011 година ќе настојува да обезбеди услови за поволна бизнис клима преку подготовка и реализација на проекти, кои ќе придонесат за поттикнување на локалниот економски развој.

2. **Цел**

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети согласно постојните стратешки документи на општина Гевгелија.

3. **Проектни активности**

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

| Р. бр. | Проект | средства (мкд) |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Источно - брегалничкиот плански регион | 230.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Инфраструктурно уредување на Технолошко индустриската развојна зона "Прдејци" | 3.000.000 |
| 3. | Ревизија на основниот проект за ХМС Конска брана | 500.000 |
| 4. | Подготовки за реализација на проектот Откупен дистрибутивен центар | 500.000 |
| 5. | Кофинансирање на ИПА проекти | 2.130.000 |
| 6. | Утврдување на кредитниот рејтинг на општина Гевгелија | 415.000 |
| **ВКУПНО** | | **6.775.000** |

**4. Финансирање**

Предвидените проектни активности во оваа Програма, во вкупна вредност од 6.775.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2011 година и кофинансирани од страна на домашните и меѓународните институции, агенции и фондации.

5.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3500/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ" бр.19/96 и 26/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2011 година

1.Со оваа Програма се утврдува намената на средствата за туристички развој и за туристичко претставување на општина Гевгелија во 2011 година.

2.Средствата за финансирање на ова намена се утврдува во износ од 1.000.000 денари и се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година.

3.Средствата ќе се користат за:

| Р.бр | Активност | предвидени средства (мкд) |
|---|---|---|
| 1. | Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија | 700.000 |
| | -Туристички водич | |
| | -Изработка на мултимедијално ЦД | |
| | - Брошура за Гевгелија | |
| | -Папки, кеси, пенкала, роковници | |
| | -Сувенири | |

| | | |
|---|---|---|
| | -Разгледници | |
| | -Флаери | |
| 2. | Учество на саемски манифестации<br>-ЗЕЛС Експо<br>-Саем на региони | 300.000 |
| | **Вкупно:** | **1.000.000** |

По потреба, во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција.

4.Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од туристичката такса за привремен престој и од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година.

5.За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на општина Гевгелија".

Бр.07-3501/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2011 година

### I. Вовед

Со Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2011 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културананата политика на општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2011 година.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, градоначалникот на општина Гевгелија распиша Конкурс за финансирање на програми и проекти во областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2010 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериуми за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

### II. Цели

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

-обезбедување на услови за богат, квалитетен и разновиден културен живот во општината;

-чување и афирмирање на материјалното и на духовното културно наследство на општина Гевгелија и на нејзиниот културен идентитет;

-поттикнување и афирмација на творештвото на младите уметници во сите сфери на културното живеење;

-обезбедување услови за достапност на граѓаните до културните вредности;

-обезбедување континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален и меѓународен карактер;

-презентирање и афирмирање на современото творештво;

-одбележување на значајни датуми и личности од историјата и културата на општина Гевгелија;

-стимулирање и обновување на старите занаети и тадиционални вештини;

-поттикнување на меѓународната културна соработка, а особено соработката со збратимените градови;

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година.

## IV. Распоредување на финансиските средства

| р.бр | Предлагач на проектот | Име на програм. активност | Одобрени сред. од Буџетот на опш. Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1. | ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ | -саем на книга<br>-поет.муз.вечер За тебе љубов моја<br>-поет.муз.вечер Воскреснувам во мојата песна<br>-месец на книгата | 60.000 |
| 2. | ЈОУ Дом на култура „Македонија“ | Фестивал на комедијата<br>-Смеата мелем на душата | 80.000 |
| 3. | ЈОУПионерски дом „Јосип Броз Тито“ | Велигденски концерт | 20.000 |
| 4. | КУД „Браќа Толеви“ Прдејци | -гостувње во Борово, Хрватска<br>-учество на детски фолк.фестивал во Измир, Турција<br>-мајски дружења<br>-гостување во Бања Лука, Р.Српска | 100.000 |
| 5. | КУД „Негорци“ Негорци | -редовна работа<br>-Фестивал Турција<br>-маниф. Велигден<br>-фестивал Белгија | 100.000 |
| 6. | Ансамбл „Бојмија“ Гевгелија | -поставување кореогр. Скопска Црна Гора и набавка на носија<br>-год.концерт<br>-меѓун.соработка со збратимени | 100.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ансамбли<br>-тренинг<br>-обнова на носии и инструменти<br>-Формирање на детски ансамбл<br>-учество н афест. Во Полска | |
| 7. | КУД „Танец“ Миравци | -Ѓура Мара<br>-фестивали во РМ<br>-учество на манифестации по општини<br>-Фестивал во Србија и Бугарија<br>-обновување на носија | 100.000 |
| 8. | КУД „Распеани Гевгеличани“ | Учество на фестивал на староградски песни во Кочани<br>Учество на фестивал на староградски песни во Битола<br>Настап на Дојрански ракувања<br>Учество на фестивал Охридски староградски средби<br>Учество на фестивал на староградски песни во Струмица<br>Учество на фестивал на староградски песни во Виница<br>Набавка на нова гардероба за 30 члена | 100.000 |
| 9. | ЗГ „Дон Кихот 95“ | Теат.претст Хаос зад кулисите | 40.000 |
| 10. | ЗГ „ТеРа“ | Смоквијада 2011 | 160.000 |
| 11. | ЗГ „АРТ Еквилибриум“ | БОШ 2011 | 70.000 |
| 12. | Здружение „Мултимедиа Центар“ | -Мултимедијална изложба на видео арт и инсталации на уметници од Македонија | 30.000 |
| 13. | ЗГ „Друштво на ликовни уметници“ | Изложба | 40.000 |
| 14. | ЗГ Градски хор „Гортинија“ | -редовна работа<br>-меѓународен натпревар Анталија<br>-соработка со Севлиево<br>-изработка на ЦД | 150.000 |
| 15. | ЗГ „Дива Божилак 2009“ | Редовна работа на Детски оркестар и хор<br>Годишен концерт на детс. хор | 30.000 |
| 16. | ЗГ „Специјална кафе асоцијација на Македонија“ | Меѓународен бариста фестивал | 20.000 |
| 17. | АРТ-СН Гевгелија | Изработка на мозаик во дворот на СОУ Ј.Јосифовски | 40.000 |
| 18. | ЗГ на Музички и балетски педагози Леге Артис | Рег.хорски смотри Тома Прошев | 80.000 |
| 19. | Здружение на пензионери „Сигурна иднина“ | Манифестација за приготвување на традиционални мак.јадења<br>Манифестација за изработка на трад.мак.ракотворби | 35.000 |
| 20. | ЗГ „РОМИ-Х“ | Ден на ромите(едукат.предавања програма за одбележување на денот, посета на соц.загрозени) | 15.000 |
| 21. | ЗГ „Игор Ѓорески“ | Отворање на маниф.Аеромитинг | 20.000 |
| 22. | СРКЗ „Букефал екстра“ | Илинденски коњички марш со богата културна програма | 20.000 |
| 23. | Стела Динова | Изложба на тема Имагинарни | 30.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | портрети | |
| 24. | Гордана Хаџи-Николова | Ликовна изложба на склуптури и слики<br>-Ние-Ретро | 40.000 |
| 25. | Гелебешев Глигор | Меѓународен натпревар за млади пијанисти | 100.000 |
| 26. | Константин Карев | Организација на фестивал за промоција на автентично произ. На ајвар | 20.000 |
| 27. | Димитар Јованов | Подготовка и издавање на монографија „Миравци и околните села“ | 30.000 |
| 28. | Драмска секција „ООУ Владо Кантарџиев“ | Куклена претстава | 15.000 |
| 29. | СОУ „Ј.Јосифовски“ | Музички драми (мјузикли) | 25.000 |
| 38. | Одбележување на општин. празник 7 Ноември | -изложби (ДЛУМ и други)<br>Концерти на муз.уметници од Гевгелија (Леге Артис)<br>-Фолклорен гердан (ЈОУ Пионерски дом)<br>-други манифестации (театарски претстави, концерти) | 300.000 |
| 39. | Одбележување на општ. Празник Спасов ден | -3 та манифестација Трба,трби, гевгелиско (Дом на култура)<br>-други манифестации | 300.000 |
| 40. | Гевгелиско културно лето | -изложби<br>-концерти<br>-театар. Претстави и др. | 200.000 |
| | **Вкупно** | | **2.470.000** |

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2011 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**V. Завршни одредби**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3506/1 Претседател
29.12.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/03, 66/04 и 88/08 год.) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.12.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за финансирање на спортските активности**
**во општина Гевгелија за 2011 година**

Со оваа програма се планираат активностите на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите за 2011 година.

1.ЦЕЛИ

Основни цели на програмата е поддржување на развојот и огранизирање на:

1. Масовен спорт и рекреативни активности на граѓаните;
2. Училишни спортски системи и спорт за сите;
3. Спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
4. Спортски приредби и манифестации на општинско ниво во одредени спортови и категории;
5. Традиционални спортски натпревари и манифестации;
6. Општински сојузи на спортови.

2.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 одина.

3.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ:

| | **Предлагач на проектот** | **Активност** | **Вкупно средства од Буџетот** |
|---|---|---|---|
| 1. | АМД Дичо Панов Гевгелија | Источно европски или отворен шампионат во мотокрос<br>Државен шампионат во мотокрос | 150.000 |
| 2. | ЖРК Гевгелија | Натпревари и турнири | 500.000 |
| 3. | КК Бест Кошаркарски клуб | Кошарка за возрасни - трета лига<br>Кошарка за млади<br>Меѓународни кошаркарски турнири | 250.000 |
| 4. | КК "Кожуф" | Натпревари во втора лига | 500.000 |
| 5. | ФК "Миравци" | Натпревари | 1.100.000 |
| 6. | ФК "Кожуф" | Натпревари | 1.800.000 |
| 7. | ФК "Вардар" Прдејци | Натпревари | 20.000 |
| 8. | Планинарско друштво"Кожуф" | Програма 2011 | 80.000 |
| 9. | МК"Ретки птици" | Ендуро рели Кожуф<br>Фим рели Австрија<br>Независност на РМ Рели<br>Пионерски семафор-Јуниор | 60.000 |
| | | **Вкупно** | **4.460.000** |

4.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ КОРИСНИЦИ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | "Тихо" Миравци | 23-меморијален турнир во мал фудбал | 100.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Отворени забавни фудбалски школи | Летна забавна фудбалска школа | 30.000 |
| 3. | | | |
| 4. | ЗГ Гевдион Гевгелија | Баскет турнир Гевдион | 40.000 |
| 5. | ЗГ "Митко Ќаев-Баче" Богородица | Турнир во мал фудбал во пионерска конкуренција Богородица 2011 | 40.000 |
| 6. | ФК "Негорци" | Лига во мал фудбал "Негорци 2011" | 40.000 |
| 7. | "Есперо 63" Гевгелија | Новогодишен турнир во мал фудбал | 150.000 |
| 8. | ЗГ "Јужна порта" | Планински велосипедизам | 15.000 |
| 9. | Сојуз на училишен спорт-Гевгелија | Зонски и регионални училишни натпревари во разни спортови | 60.000 |
| | | **Вкупно** | **475.000** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма а ќе се појават во текот на 2011 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на објекти за спорт е предвидено во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година.

5.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства, градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со:

- покровителство;
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3505/1 — Претседател
29.12.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 126 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на РМ" бр. 38/04 и 77/07 година) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на

Општина Гевгелија ("Службен весник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

1.Вовед

Заштита на потрошувачите во современите развиени демократски општества е препознаена како едно од правата во корпусот на права на човекот и граѓанинот и како такво се вбројува во правата со највисок приоритет кои секоја држава е должна да ги заштитува низ правниот систем и соодветните политики.

Во Република Македонија оваа прашање се актуелизира со консезуалната заложба на граѓаните за приклучување кон Евроатланските интеграции, а особено кон ЕУ, каде веќе со децении постои потрошувачко право на ЕУ, материјализирано преку цел низ на директиви и препораки од овој домен, кои Македонија мораше да ги транспонира во своето национално законодавство, следејќи ги одредбите од Договорот за стабилизација и асоцијација и статусот на земја кандидат.

Република Македонија започна активно да работи на институционализација за заштита на потрошувачите кон крајот на 90-тите години на минатиот век, што резултираше со донесувањето на првиот закон за заштита на потрошувачите во 2000 година и со креирање на првата конзистентна национална политика во 2006 година, донесувајќи ја првата Програма за заштита на потрошувачи на Владата на РМ за периодот 2007/2008 год.. Во меѓувреме реализирана е уште една национална програма за 2002/2010, а во тек изготвувањето на третата програма за период 2011/2012 година.

Потребата од креирање на локални потрошувачки политики се базира првенствено на процесот на децентрализација, кој во процесот на трансфер на надлежности од централната на локалната власт, зафати подрачја кои се од исклучително значење за процесот на заштита на потрошувачите како образованието, здравството, локалните пазари, социјалата и сл., кои заедно со комуналните услуги кои традиционално се даваат на локално ниво, претставуваат значителен корпус на прашања од интерес за граѓаните- потрошувачи.

Со донесувањето на оваа Програма, Советот на Општина Гевгелија дава свој придонес во остварувањето на таканаречените 8 (осум) основни потрошувачки права на граѓаните и тоа:

-Право на задоволување (расположливост) на основните потреби за стоки и услуги на територијата на Општината;

-Право на безбедни стоки и услуги кои се нудат на пазарот;

-Право на информираност за прашања од интерес на потрошувачите;

-Остварување на правото на избор, преку развој на малопродажната мрежа на стоки и услуги на територијата на општината;

-Право (можност) да се чуе гласот на потрошувачите;

-Право на обесштетување на потрошувачите кога нивните економски интерси се загрозени;

-Право на образование на потрошувачите;

-Право на здрава животна средина.

Со оваа Програма, се задолжуваат сите органи, тела, установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на Општина Гевгелија во извршувањето на нивната дејност, да ги почитуваат аспектите на заштита на потрошувачите, утврдени со правната рамка, Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и оваа Програма.

2.Правна рамка

Анализата на правната рамка во доменот на заштита на потрошувачите покажува дека во најголема мерка регулативата на Европската Унија е транспонирана во македонското законодавство. Така, во овој момент во правниот систем на РМ се во важност следните закони кои директно регулираат подрачја од интерес за заштита на потрошувачите:

-Закон за заштита на потрошувачите;

-Закон за безбедност на производите;

-Закон за безбедност на храната и производите и материјалите што доѓаат во контакт со храната;

-Закон за заштита на потрошувачите при потрошувачки кредити;

-Закон за правата на пациентите.

Покрај овие, би можело да се каже претежно чисто потрошувачки закони, со оглед на мултидимензионалноста на заштитата на потрошувачките одредби, од интерес за овој домен можат да се најдат и во цел низ на други закони и подзаконски акти, како на пример Законот за облигационите односи, Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност, Законот за здравственото осигурување, Законот за здравствена заштита, Законот за лекови, Законот за заштита на конкуренцијата, Закон за електронски комуникации, Законот за домување и сл.

Ваквата комплексна состојба во значителна мера се одрази и во определувањето на активностите планирани за периодот опфатен со програмата, со цел да оваа легислатива на што е можно поадекватен начин да се приближи на граѓаните преку нивно информирање и едукација.

3.Цели на програмата

Основна цел на Програмата за заштита на потрошувачите е сензибилизирање на јавноста за заштита на потрошувачите и подигање на нивото на заштита на потрошувачите во Општина Гевгелија во 2011 година.

4.Планирани активности

Во периодот од 01.01.2011 до 31.01.2011 година во рамките на оваа Програма ќе бидат опфатени следниве активности:

-Изработка на флаери за заштита на правата на потрошувачите;

-Разгледување на проблемот со водоснабдувањето и комуналната хигиена (цена, услуги, квалитет на вода и др.) и превземање соодветни мерки;

-Разгледување на проблемите, поврзани со електричната енергија (тарифен модел, моќност, комунална такса за улично осветлување и др.), решавање на истите со доставување на Барања за решавање на истите до соодветните институции;

-Разгледување и превземање соодветни мерки околу проблемот со прехрамбени артикли (цени, декларации, квалитет и др.);

-Решавање на проблемите околу давање на услугите од страна на мобилната и фиксната телефонија;

-Учество во изнаоѓање решение за решавње на проблемот со Паркинг простор, вклучувајќи и воведување на наплатни рампи во централното градско подрачје;

-Разгледување на состојба на зелените пазари (квалитет, услуги, цени и др.) и превземање соодветни мерки;

-Заштита и едукација на граѓаните за заштита при купопродажба и сервисирање на бела техника и останати производи и услуги;

Советот за заштита на потрошувачи во претходно споменатата Програма ќе се вклучи и во реализација на активностите од Програмата на Организацијата на потрошувачите на РМ и тоа:

-Јакнење на институционална рамка и воспоставување на соработка и координација помеѓу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите, со посебен акцент на државните инспекциски органи за спроведување на пазарниот надзор (континуирано);

-Активности за следење на состојбите на локалниот пазар, од интерес на потрошувачите, по однос на нивните права и улогата во пазарната економија;

-Информирање на јавноста за обврските кои произлегуваат од Законот за домување (2011 )година;

-Информирање на јавноста за измените на Законот за заштита на потрошувачите (2011) година;

-Едукација на членовите на Советот на заштита на потрошувачи во доменот на потрошувачкото право;

-Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите во доменот на потрошувачките политики; (2011 година);

-Пригодно обележување на 15-ти март, светски ден на потрошувачите;

-Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за правата на пациентите;

-Кампања за популаризација на правата на потрошувачите од Законот за потрошуваките кредити;

-Информирање на граѓаните за новините од Законот за градба;

-Организирање воспитно-образовни активности и отворени часови за различни аспекти на заштита на потрошувачите во училиштата на територијата на општина Гевгелија;

-Соработка со Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ и координирање на активностите (континуирано).

5.Реализација на програмата

Во имплементација на Програмата ќе се вклучат сите општински служби, јавни установи, јавното/ите претпријатие/ија, потрошувачи и сродни невладини организации, инспекциски органи кои делуваат во општина гевгелија, во рамките на нивните надлежности.

Во периодот опфатен со програмата на Советот за заштита на потрошувачите на општината, тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РМ и со Организацијата на потрошувачи на РМ.

Во процесот за имплементација на програмата за заштита на потрошувачите, Советот за заштита на потрошувачи ќе остварува најтесна можна соработка со локалните медиуми со цел да се информира и сензибилизира јавноста за Програмата и активностите кои ќе се превземат.

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачите на општина Гевгелија. Претседателот на Советот за процесот на реализација на програмата тековно ќе го информира градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Гевгелија, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува Годишен извештај пред Советот на Општина Гевгелија.

6.Финансирање на програмата

Финансирањето на оваа програма ќе се врши со средствата од Буџетот на Општината, од донации и спонозорства, како и со вклучување на Општината во проекти од овој домен, финансирани од претпристапните фондови на ЕУ и од други донатори.

7.Завршни одредби

Оваа програма влегува во сила со објавувањето во "Службен весник" на општина Гевгелија.

Бр.07-3521/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

### ВОВЕД

Со оваа Програмата се определуваат прашањата за работа на Советот на општина Гевгелија во 2011 година(во натамошниот текст:Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општитната ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2011 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, Општинската администрација како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2011 година се распоредени во следните групи:

### 1.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2011 година

1.2.Завршна сметка за 2010 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Март 2011 година

1.3.Завршна сметка за 2010 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Март 2011 година

1.4.Завршна сметка за 2010 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Март 2011 година

1.5.Завршна сметка за 2010 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Март 2011 година

1.6.Завршна сметка за 2010 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: Март 2011 година

1.7.Завршна сметка за 2010 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: Март 2011 година

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2010 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: Март 2011 година

1.9.Завршна сметка за 2010 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Март 2011 година

1.10.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2011 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Квартално во текот на 2011 година

1.11.Информација за преземените активности за реализација на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2011 година

1.12.Информација за состојбата со имотот сопственост на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2011 година

1.13.Буџет на општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2011 година

1.14.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2011 година.

1.15.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок:Декември 2011

1.16.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Декември 2011 година

1.17.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2011 година

1.18.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека

Рок: Декември 2011 година

1.19.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: Декември 2011 година

1.20.Годишен финансиски план за 2012 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: Декември 2011 година

1.21.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2012год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: Декември 2011 година

1.22.Годишен финансиски план за 2012 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Декември 2011 година

## 2.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2012 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

2.3.Информација за бесправно изградени објекти во општина Гевгелија до 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари-Февруари 2011 год.

2.4.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2011 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 год.

2.5.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 год.

2.6.Извештај за работата на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.

Предлагач и изготвувач: Партиципативно тело

Рок: Декември 2011 год.

2.7.Програма за поставување на времени објекти во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Март 2011 година

3.2.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2011 година

3.3.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2011 година.

3.4.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2011 година.

3.5.Информација за состојбата и преземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија.

Предлагач и Изготвувач: КПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2011 година.

3.6.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни-Ноември 2011 год.

3.7.Информација за состојбата со општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2011 година.

3.8.Информација за состојбата со авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2011 година.

3.9.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2011 година

3.10.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Ноември 2011 година

3.11.Информација за состојбата со преземените активности за изградба на регионална депонија за комунален цврст отпад.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Ноември-Декември 2011 година.

3.12.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2011 година.

3.13.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2011 година

3.14.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2011 година

3.15.Програма за хортикултурно и партерно уредување на јавни површини во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2011 год.

3.16.Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2011 година.

3.17.Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2011 година.

## 4.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

4.1.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2011 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2011 година

4.2.Програма за работа на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2011 година

Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци
Рок: Јануари 2011 година

4.3.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2011 година

4.4.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

Рок: Април 2011 година

4.5.Извештај за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2010 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци

Рок: Април 2011 година

4.6.Годишна завршна сметка на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2010 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци

Рок: Април 2011 година

4.7.Квартални извештаи за извршување на финансиските планови на јавните комунални претпријатија ЈПКД "Комуналец" Гевгелија и ЈПВК "Миравци" Миравци за 2011 година.

Предлагач и изготвувач: Јавните комунални претпријатија

Рок: Квартално во 2011 година

## 5.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

5.1.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари 2011 година

5.2.Одлука за формирање комисија за соработка со невладиниот сектор.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари 2011 година

5.3.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2010 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека

Рок: Февруари 2011 година

5.4.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2011 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека

Рок: Февруари 2011 година

5.5.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2010 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура

Рок: Февруари 2011 година

5.6.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2011 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура

Рок: Февруари 2011 година

5.7.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2010 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет

Рок: Февруари 2011 година

5.8.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2011 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет

Рок: Февруари 2011 година

5.9.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2010 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: Февруари 2011 година

5.10.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2011 година.
Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: февруари 2011 година

5.11.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Полициска станица Гевгелија
Рок. Февруари 2011 година

5.12.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач:Полициска станица Гевгелија
Рок: Февруари 2011 година

5.13.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита ПЕ Гевгелија
Рок: Февруари 2011 година

5.14.Пограма за запрашување во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2011 година.

5.15.Информација за преземените активности и извршеното запрашување.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2011 година.

5.16.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2011 година.

5.17.Извештај за работата на комуналните инспектори
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Комуналени инспектори
Рок: Мај и Октомври 2011 година

5.18.Извештај за работата на сообраќајниот инспектор
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: Мај и Октомври 2011 година

5.19.Извештај за работата на овластените градежни инспектори
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: Мај и Октомври 2011 година

5.20.Извештај за работата на овластениот урбанистички инспектор
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Овластен урбанистички инспектори
Рок: Мај и Октомври 2011 година

5.21.Извештај за работата на овластениот инспектор за животна средина
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен инспектор за заштита на животната средина
Рок: Мај и Октомври 2011 година

5.22.Одлука за доделување награда на ученици кои постигнале реултати на државно и меѓународно ниво.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 година

5.23.Информација за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија (по социјални групи).
Предлагач и Изготвувач: Меѓуопштински центар за социјална заштита
Рок: Јуни 2011

5.24.Информација за состојбата со претшколското, основното и средното образование во општина Гевгелија за 2011 година.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули-Август 2011 година

5.25.Информација за преземените активности за реализација на Локалниот акционен план за социјална заштита.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули 2011 година

5.26.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 20010/2011 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Август 2011 година

5.27.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2011/2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца
Рок: Август 2011 година

5.28.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 20010/2011 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев","Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2011 година

5.29.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2011/2012 година на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2010 година

5.30.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 20010/2011 година
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Септември 2011 година

5.31.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2011/2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Септември 2011 година

5.32.Информација за состојбата со изграденоста на архитектонски бариери за лица со посебни потреби.
Предлагач и Изготвувач: Меѓуопштински центар за социјална заштита
Рок: Септември 2011 година.

5.33.Одлука за одбележување на настани и личности.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Септември-Октомври 2011 година

5.34.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Октомври 2011 година

5.35.Информација за состојбата со образовните струки и профили во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација и СОУ

Рок: Ноември 2011 година

5.36.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.

Изготвувач:Општинска администрација

Рок. Ноември 2011 година

5.37.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2011 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

5.38.Програма за финансирање на проекти од областа на културата за 2011 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

5.39.Извештај за реализација на Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2010 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2010 година

5.40.Програма за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2012 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

5.41.Извештај за преземените активности за реализација на програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2011 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2011 година

5.42.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2010 година

Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Декември 2011 година

5.43.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2010 година

Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите

Рок: Јануари/Февруари 2011 година

5.44.Информација за тековно одржување на гробиштата во населените места.

Предлагач и Изготвувач:ЈПКД"Комуналец"Гевгелија

Рок: Во текот на 2011 година

5.45.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 година

5.46.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 година

5.47.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2011 година.

Предлагач и изготвувач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на општина Гевгелија
Рок: Ноември 2011 год.

## 6.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

6.1.Извештај за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

Предлгач и изготвувач: Центар за социјална работа Гевгелија
Рок: Април-Мај 2011 година

6.2.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2011 година

6.3.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Занаетчиска комора
Рок: Јуни 2011 година

6.4.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач:Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач:Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми-ПЕ Гевгелија
Рок: Во текот на 2011 година

6.5.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми - ПЕ Гевгелија
Рок: Во текот на 2011 година

6.6.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 година

6.7.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заш
на спомениците на култура

Рок: Во текот на 2011 година.

6.8.Информација за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач: Народен музеј
Рок: Во текот на 2011 година

6.9.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2011 година

6.10.Извештај за работењето на Водостопанство "Јужен Вардар".

Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие
Рок: Во текот на 2011 година

6.11.Извештај за работењето на Водната заедница "Петрушка Река" Миравци.

Предлагач и изготвувач: Водна заедница "Петрушка Река"
Рок: Во текот на 2011 год.

6.12.Извештај за работењето на Водната заедница "Напредок" Негорци.

Предлагач и изготвувач: Водна заедница "Напредок"
Рок: Во текот на 2011 год.

7.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3522/1 — Претседател
29.12.2010 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и Одлуката за превземање на основачките права и утврдување како Општинска јавна установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување и финансирање на Буџет на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2011 година

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува и финансира Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2011 година предложен од Управниот одбор на јавната установа на седницата од 26.11.2010 година.

### Член 2

Буџетот, составен дел на оваа одлука,ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 2.030.600,00 денари.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3518/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување и финансирање на Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2011 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува и финансира Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2011 година

**Член 2**

Програмата, составен дел на оваа одлука, ќе се финансира од основниот Буџет на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 2.289.600,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3517/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 29.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**за усвојување на стратешки документ Зелена агенда Гевгелија и Локален акционен план за животна средина 2011-2015**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува стратешкиот документ Зелена агенда Гевгелија и Локален акционен план за животна средина 2011-2015

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е стратешкиот документ Залена агенда и Локалниот акционен план од член 1 на оваа Одлука, кои не се објавуваат, а се наоѓат во општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3520/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 29.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување на Локален оперативен план за родова рамноправност за 2011 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Локалниот оперативен план за родова рамноправност за 2011 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Локалниот оперативен план од член 1 на оваа Одлука, кои не се објавуваат, а се наоѓат во општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3524/1
29.12.2010 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 36 став 3 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08 и 104/08 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнуања во Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година кој е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/09, 5/10 и 17/10 год.).

**Член 2**

Во Билансот на приходи, сметка 630 - основен буџет,

-износот на потставката 742119 - други општи и тековни донации од 4.084.640,00 денари се брише,

-се додава нова потставка 741111 - тековни трансфери од други нивоа на власт со износ од 4.084.640,00 денари.

**Член 3**

Во Билансот на расходи, сметка 930 - блок дотација во програмата К-1, потпрограма К 10 - Библиотекарство,

-износот на потставката 464990 - Други трансфери од 164.297,00 денари се заменува со 25.000,00 денари.

Во Билансот на расходи, раздел 71501 сметка 930 - блок дотација во програмата К-2 потпротрама К-20 - Музичка и сценско уметничка дејност,

-износот на потставката 464990 - Други трансфери од 142.037,00 денари се заменува со 281.334,00 денари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-3523/1 Претседател
29.12.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05 и 24/07 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Програма за работа на**
**ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија**
**за 2011 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа-Пионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2011 година предложена од Управниот одбор на јавната установа на седницата од 26.11.2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3519/1 Претседател
29.12.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување два члена во Управниот одбор на**



1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци се разрешуваат двата члена, како претставници на локалната самоуправа,поради истекот на мандатот и тоа:

-Ристо Блажев, дипломиран шумарски инженер

-Ѓорѓе Костадинов, приватен стопанственик

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3527/1 Претседател
29.12.2010год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03, 95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Борис Камов од Миравци

-Блажо Минчев од Миравци

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-2325/1 од 12.09.2007 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3525/1 Претседател
29.12.2010 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03,95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Одборот за контрола на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци се разрешуваат двата члена, како претставници на локалната самоуправа, поради истекот мандатот и тоа:

-Сашко Стоилковски, дипломиран правник

-Александар Еленски, регистриран земјоделец

